## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 јули 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,36 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Започнуваме со денешната работа.

Продолжуваме со работа по 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Слободан Најдовски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Иван Анастасовски, Благој Зашов, Јагнула Куновска, Александар Спасеновски, Валентина Божиновска, Данаил Дончев, Али Ахмети, Фазли Велију, Агрон Буџаку, Садула Дураки, Радмила Шекеринска, Владо Бучковски и Игор Ивановски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон**

Продолжувме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжувме со претресот по амандманот на член 1 став 1, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Господин Борис Кондарко не го гледам, за збор се пријави и госпоѓа Весна Бендевска, која пред малку ја видов, но сега не е тука.

Бидејќи нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Пред тоа, ги молам сужбите да установат точен број на присутни пратеници за да направиме валидно гласање.

Имаме доволен број пратеници за да можеме да гласаме.

Според тоа, ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник, за гласале 12, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 1, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2, поднесен од пратениците Никола Поповски, Ацо Киров и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Збор има господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе,

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Јас на почетокот сакам да го искажам моето незадоволство околу текот на оваа седница односно околу оваа седница. Зошто го зборувам тоа? Тоа го кажувам од причина што оваа седница веќе колку што се сеќавам, мислам дека ова е трето продолжение и ние пратениците кои имаме на некој начин поднесено амандмани за кои сакаме да зборуваме по нив, но бидејќи во меѓувреме овде во Собранието не се сеќавам кој датум, но имаше детски парламент и амандманите ни ги имаат измешано, па еве искрено да кажам денес овој амандман за кој што треба да зборуваме, јас се сеќавам пред два месеци што содржи амандманот, меѓутоа, нешто повеќе не би можел да кажам. Ова го велам, затоа што овој амандман и претходниот амандман кој што го гласавме ги немам овде и мислам дека не е само тоа причината зошто ги немам амандманите, туку проблемот е што моето незадоволство е што веќе е трето продолжение на оваа седница и мислам дека не е добро така. Кога почнуваме на седница, барем да ја завршиме некаде за 30 дена, а не да ги влечеме по два или два ипол месеци. Мислам дека тоа не е добро и тоа не треба да биде практика на ова Собрание, затоа што не само по оваа седница, туку имаме уште неколку седници кои што не ни се завршени, за кои што го изгубивме текот на работата, итн.

Во врска со амандманот ќе бидам краток и би ги замолил колегите пратеници од парламентарното мнозинство да го подржат, а тоа е амандманот кој се однесуваше и кој беше поврзан со првиот амандман кој што го поднесовме колегите од СДСМ за укинување на член 1 за таксите, за неоданочување на деловните згради и објекти. Сега за сега, по овој амандман, бидејќи како што кажав на почетокот на моето излагање дека преку два ипол месеци не се сеќавам точно што сум зборувал и затоа само ќе побарам подршка од келегите да го изгласаат овој амандман, затоа што е добро, како што рековме јас и моите колеги, и за бизнис климата во Македонија, исто така и за физичките лица кои имаат куќи и објекти во ридско планинските подрачја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Никола Ќуркчиев се јави за збор, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Претседателе, навистина, одамна беше, меѓутоа, во моментот искрен да бидам не знам како точно изгледаше овој амандман на господинот Ацо Киров, меѓутоа, бидејќи се работи за член 21 од постојниот закон, зборуваме за даночната основа, при продажба на недвижноста во стечајна и извршната постапка,

даночната основа е постигната или е на постигната цена. Сакам да кажам дека данокот на имот нормално е да се одданочува врз основа на пазарна вредност и реална вредност. Според методологијата самите општини се одговорни за проценката за сите имоти, ако се земе европското искуство дека мора да се врши проценка на секои три години и дека тоа би требало да го прават професионални проценители, ќе видиме дека добар дел на општините во Република Македонија во овој момент не се во состојба да ја извршуваат таа работа, заради тоа што од проценителите, особено професионалните се бара одлично знаење и вештини за пазарот на имоти. Ценам дека би било згодно да се прифати овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број на пратеници во салата, гласале 57 пратеници.

За гласале 10 пратеници, воздржани нема и против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 2, поднесен од пратениците Никола Поповски, Ацо Киров и Верица Филипова.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на новиот член 85-а, поднесен од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпевски:** Амадманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа од страна на Владата и според тоа текстот на амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик на министерот.

Пред да пристапиме кон гласање на Предлогот на законот за изменување и дополнување на законите за даноци на имот би сакал да ги кажам ставовите околу предложените измени.

Она што е најзначајно за овој закон е тоа што со него се предлага да се воведат нови даноци за стопанските субјекти, за оние деловни простории каде што ја извршува својата дејност. Ценам дека тоа ќе претставува значително оптоварување за овие стопански субјекти, а исто така со законот се предлага да се воведат нови даноци и за граѓаните кои што живеат во руралните средини, селските населби, ридско-планинските подрачја. Значи, тоа е спротивно на заложбите на владеачката коалиција, на ВМРО-ДПМНЕ дека тие ќе ги намалуваат даноците, ќе создаваат подобра бизнис клима во Република Македонија и дека едноставно ќе ја подобруваат конкурентноста на македонските претпријатија. Со ваквите предлози на законот директно им ги зголемуваат трошоците од работењето и ги оневозможуваат во своите напори да бидат што поконкурентни.

Исто така граѓаните кои што живеат во руралните подрачја и во ридско-планинските подрачја, кои се можеби социјално економски најзагрозени во нашата држава со овој предлог на закон им се воведуваат нови даноци на имот од кои што до сега беа ослободени. Почнувајќи од 2008 година тие ќе почнат да добиваат решенија со кои што ќе имаат обврска да платат данок за имот за своите станбени објекти.

Тука се отвораат многу прашања, дали може на неурбанизирани квартели или на неурбанизирани објекти да се наплаќа данок на имот за кој што нема изработено урбанистички планови, нити генерални, нити детални, па дали може да се воведува обврска за плаќање на данок. Како ќе се докажува сопственоста на имотот и многу други прашања кои што ќе создадат проблеми и во спроведувањето, но она што е најбитно на крајот сепак граѓаните ќе мора да плаќаат поголеми давачки.

Владата овој свој потег го оправдува со потребата да го зајакне финансирањето на единиците на локалната самоуправа. Ние со ваквиот концепт не се согласуваме бидејќи сметаме, а нашата пратеничка група имаше и неколку иницијативи во рамките на Собранието финансиската моќ на општините да се зајакне преку зафаќањата од данокто на додадена вредност и стапката која што се наменува за распределба на општините од 1,5% да се зголеми на 4,5%. Цениме дека ваквиот концепт предложен од Владата не само што нема да ги реши финансиските проблеми на општините, туку напротив ќе создаде уште подлабок јаз помеѓу општините. Оние општини кои што имаат поразвиено стопанство, кои што имаат поголем број на стопански субјекти во рамките на своите граници можеби ќе остварат поголеми финансиски приливи, но оние општини каде што има многу мала развиеност на стопанството, посебно руралните, селските општини со овој закон буквално ќе немаат никакви придобивки од тој аспект, а таму ќе мораат, бидејќи така Владата предлага на граѓаните да им наметнат нови давачки. Бидејќи министерот на последната

седница кога расправавме по ова прашање не убедуваше дека граѓаните ќе се чувствуваат повеќе патриоти ако плаќаат повеќе или поголеми даноци во државата, а потоа не убедуваше дека и психички ќе се релаксираат кога ќе ги платат решенијата за данок. Јас им препорачувам на колегите од владеачкото мнозинство кога ќе стапи во сила овој закон и кога ќе почнат да се делат решенијата согласно препораките на нивниот претседател да ги потсетат граѓаните во овие места и да им објаснат како тие сега се поголеми патриоти и психички се порелаксирани затоа што ќе плаќаат поголеми даноци, или ќе плаќаат нови давачки кои што до сега не ги плаќале. Затоа сметам дека на ваков начин не се решаваат проблемите во Република Македонија. Се создаваат поголеми дубиози.

Донесовме Закон за рамномерен регионален развој. Во тој Закон се наведа некои правци според кои ќе се грижиме за рамномерен регионален развој на Република Македонија. Во овој закон не само што нема да има рамномерен регионален развој, туку некои општини ќе отидат многу напред, а други општини ќе останат да тапкаат во место и ќе се молат за помош од Владата, но во овој случај таа нема да им отстапи бидејќи реши финансирањето на единиците на локалната самоуправа да го врши преку зголемување на даноците. Затоа мислам дека овој закон не треба да биде донесен, не треба да биде поддржан и Владата треба да има храброст и да предложи решение или да ги прифати барањата на опозицијата да го зголеми зафаќањето од ДДВ оа 1,5 на 4,5% за да може да се реши на посигурни основи од финансирањето на локалната самоуправа.

Ако процесот на децентрализација е услов за пристапување на Република Македонија кон европската унија, ако овој процес ни се наметнува како императив не само од Европската унија, туку и од граѓаните за да можат на понепосреден начин да си ги решаваат своите проблеми мислам дека и Владата треба да биде посериозна во зајакнувањето на финансиската моќ на општините, а не вака со нови даноци и за граѓаните и за стопанството да го решава проблемот. Затоа сметам дека овој закон не треба да биде поддржан.

Апелирам до колегите пратеници да не го поддржат, бидејќи навистина не нуди никакво решение, туку само нуди нови проблеми. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине претседателе.

Ќе се обидам уште еднаш да апелирам, иако атмосферата во Собранието е таква што ниту се слушаме ниту сакаме да полемизираме околу проектите или визиите. СДСМ како пратеничка група уште многу месеци наназад предложи закон за наоѓање решение повеќе средства да се прелеваат во општинските каси односно со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа поголем процент да се одвојува од персоналниот данок кој би се трансферирал кон општините.

Бидејќи тој Предлог-закон доаѓаше од пратеничката група на СДСМ не беше изгласан и Владата, за да влезе во изнаоѓање на решение како да ги покрие потребите на сите граѓани во Република Македонија кои живеат во некоја општина, се реши да воведе три нови давачки кои се денесна на дневен ред односно три нови давачки кои ќе се рефлектираат со трансфер на средства кон општините.

Овој закон е типичен пример зошто Владата после година дена нема решение и може портпарлот на Владата да мафта со било каква визија на Владата, граѓаните не можат да живеат од визија која се мафта, туку се живее со конкретно решение, со конкретни проекти.

Овој закон е типичен пример зошто нема резултати затоа што се лута со различни решенија кои се менуваат од ден на ден.

Имено, Владата стана заложник на зборот “странски инвестиции” и за неа е лесно или прелесно да одвои 9 милиони евра за да му ги даде на Џонсон Контролс плус 8,5 милиони колку што треба да вложи во инфраструктурата, но за некој граѓанин од Република Македонија кој инвестирал пред пет-шест месеци во некоја хала, во некој објект кој планирал некое производство, тогаш него ќе го оданочиме со поголем данок затоа што тој е Македонец и затоа што тој се “дрзнал” да вложува во Република Македонија. Од друга страна сме подготвени прелесно 17 милиони евра да му подготвиме на Џонсон Контролс за да остварува одреден профит.

Многу стопанственици, многу бизнисмени кои се решиле и кои отвориле капацитети во Република Македонија ќе им го промениме финансискиот план затоа што Владата нема концепт како да трансферира средства или како да го направи одржлив процесот на фискалната децентрализација.

Премиерот овде мислеше дека на 1 јули ќе почне втората фаза, а еве ребалансот на Буџетот ќе биде на 18 јули, не знаеме кога ќе се донесе за да може да се трансферираат основните блок дотации за образованието, да не зборуваме за други инфраструктурни проекти што секојдневно слушаме дека се делат по партиски и по етнички основи.

Затоа СДСМ како пратеничка група е против воведувањето нови даноци во Република Македонија, дека со ова ќе се дестимулира вложувањето на средства, на капитал во инвестициски објекти на граѓани на Република Македонија, непотребно фаворизирајќи ги странските инвестиции, како што рекоа странските експерти дека Владата стана заложник на странските инвестиции и против ваквите давачки ние ќе кажеме не, нема да го поддржиме овој законски проект, а

парламентарното мнозинство кога ќе им помине оваа еуфорија и кога ќе почне да слуша наместо да дебатира меѓу себе ќе треба да одговори на прашањето на стопанствениците низ цела Република Македонија и на оние граѓани кои живеат во ридско-планинските предели зошто заради оваа Влада треба да плаќаат повеќе даноци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, за гласале 49, воздржано 1, против 13 пратеника.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

Ве молам уште еднаш кој е од пратениците за законот?

Кој е против, молам да крене рака?

Дали е некој воздржан?

На седницата присуствуваат 21 пратеник кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлогот на законот гласаа 18 пратеници, воздржани 7 и против 1.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот/

**Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот ЦВИ од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменикот министер за финансии. Повелете господине заменику.

**Предраг Трпевски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, законот за административни такси го уредува плаќањето на административните такси, списите и дејствијата во управните работи и другите предмети и дејствија на органите за државната управа и другите државни органи во Република Македонија, како и кај дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Висината на административните такси е пропишана според таксената тарифа што е составен дел на овој закон. Со оглед на тоа дека законот ја уредува целокупната регулатива на административните такси а во одредени управни области се донесени нови, или се направени измени и дополнувања на определени законски решенија, како и поради нивното усогласување со законодавството на Европската Унија се јави потреба од изменување и дополнување на овој закон.

Всушност, се појави потреба од воведување на нови тарифни броеви со определени ситни дејствија за кои се плаќаат административни такси, се проширија определени тарифни броеви со нови видови на административни такси и определени тарифни броеви во целост се избришаат.

Од овие причини свои предлози за изменување и дополнување на Законот се остварија. Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот завод за геодетски работи, Државниот завод за статистика, Министеството за финансии, Министерството за внатрешни работи и Царинската управа на Република Македонија. Исто така, со законот се предвидува и усогласување на казнените одредби со Законот за прекршоци.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик минстер,

Овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси, заменик министерот рече дека е усогласување со административните такси кои ни ги налага Европска унија, што јас тоа не можам да го прифатам, затоа што, можеби е така, но овој Предлог закон не е со знакчето на Европска унија, а верувам дека некои такси треба да се усогласат или да се воведат нови такси. Тоа е во ред.

Дали треба да се воведат нови такси што ние ги немаме, тоа не можам да го кажам од причина што го немам погледнато одосно не сум запознаем не само јас туку и останатите колеги пратеници, кои се тие такси што овде ги имаме, дали тоа треба да го воведеме, дали тоа постои

во европската регулатива итн. Тоа според мене е во ред, ако треба да се воведат нови такси, нека биде така. Јас и некои колеги од СДСМ имаме поднесено амандмани. Нашите амандмани се однесуваат на тоа да не се зголемат одредени такси, подоцна ќе зборуваме за тие админситративни такси кои треба да се воведат, посебно во амандманската расправа. Но, јас се прашувам зошто, ако веќе мора да воведеме некои нови такси, зошто веќе ги зголемуваме. Јас не верувам дека тоа треба да го правиме, дека тоа ни го налага Европска унија.

Кога зборувавме за законот односно за воведување на данок на имот, по претходната точка, бев поборник да не се воведуваат и не само за овие предлог закони туку и за други со кои се товара населението и бизнисмените, или одредена група на граѓани. Јас секогаш сум бил против тие што ги немаме да не се воведуваат, а тие што ги имаме да не се зголемуваат. Јас сум на таа линија и секогаш ги бранам ставовите дали се тоа интересите на граѓанните или на одредена група на бизнисмени кои треба да го покренат општеството, одредена група на грѓани кои треба да им помагаат на обичните луѓе, на земјоделците, на работниците итн.

Се тоа што до сега го кажав сум зборувал за тоа повеќе пати и на крајот околу овој Предлог закон за воведување на админситративни такси би сакал да кажам дека, околу амандманот кога се јавив пред половина час, го кажав моето незадоволство околу менаџирањето на овој Парламент дека кога се почнува со една седница, еве јас имам еден предлог за 30 дена истата да ја завршиме. Еве сега имам забелешка на овој Предлог закон и би сакал тоа да го пренесам на заменик минситерот, воведувањето на таксите, на даноците, ние овде во овој дом дискутираме дека не треба да се воведуваат, дека сме против тоа и секогаш имам поднесувано амандмани. Имено, моето незадоволство се однесува околу тоа како јас како пратеник или како граѓанин на Република Македонија, кога на телевизија се кажува дека имаме намалување на одредени даноци, како тоа се промовира кампањски и секогаш на чело е премиерот Груевски и позади него одредени министри, дали се тоа министрите Трајко Славески, претпоставениот министер кој е задолжен за овј Предлог закон, дали тоа е министерот за трнапорт и врски и ред други министри од Владата.

Значи моето незадоволство и моето противење овде се однесува точно на тоа и сакам граѓаните на Република Македонија да знаат дека не е точо дека не се воведуват даноци, туку намалувањето е транспарентно, кампањски на телевизија, а воведувањето само во оваа сала, само ние тоа го знаеме и одредена група на граѓани односно бизнисмени кои се запознати со воведувањето. Значи тие се луѓето кои го знаат тоа и кој ги гледа седниците на Парламентот ќе знае, кој не ги гледа, а знаеме колку се гледа Парламентот, можеби некаде 20-30 или 40% гледаат, а другите не. Значи мојата забелешка е околу тоа, барем зголемувањето и воведувањето како на даноци и на такси, исто така да биде промовирана на телевизија како што тоа знаат министрите и премиерот да го промовираат намалувањето на таксите и даноците.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за финансии гоисподинот Трпески.

**Предраг Трпески:** Во моето експозе укажав дека измените во овој закон се прават поради усогласување со европското законодавство. Еве сега едно мало појаснување би дал околу тоа.

Конкретно се работи за административните такси кои се плаќаат спрема царинската управа.

Во тарифниот број 72, царинската управа има листа на административни такси кои се движат со цена од 3000 до 60.000 денари. Токму на овие административни такси, европската комисија имаше сериозни забелешки и даде предлог до царинската управа прво да се намали бројот на административните такси, да се сведе во што помал број и нормално да се намали цената на админситративната такса. Оттука, царинската управа постапувајќи по препораките на Европската комисија излезе со предлог за намалување и на бројот на административните такси и намалување на цената. Оттука произлегува тоа усогласување. Инаку, Европската комисија во нивната препорака укажа дека ова не е во согласност со европското законодавство. Тука е тоа усогласување со европското законодавство.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам.

Јас и во моето обраќање кажав дека треба да се усогласат одредени админситративни такси спрема Европска унија, но моето укажување беше околу тоа дека тоа што треба да се усогласи треба и тука се усогласуваме.

Сега околу висината на таксите. Имено јас и во моето кажување кажав, не знам, не сум запознаен, ги немам погледнато односно усоласувањето со Европска унија, веројатно тоа го имате вие од Министерство за финансии или од царинската управа. Но, мојата забелешка беше околу тоа што веќе на постоечките што ги имаме, после ќе дискутираме околу амандманите, имаме поднесено четири амандмани јас колешката Цветанка Иванова и Колегата Оливер Спасовски, оние што ги имаме да не се зголемуваат. Тоа е мое мислење, нека ме демантира заменик министерот, е дека не е, така да речам под притисок на Европска унија, или за усогласување на таксите според тоа што ни го налага Европска унија. Значи мое мислење е дека одредени такси, ние во овој Предлог закон гледаме дека има многу членови и воведување на многу такси, и имаме реагирано на неколку, бидејќи знаеме дека треба да биде така, но најголемото наше противење е околу тоа дали

треба некои, за што после ќе дискутираме, треба да се зголемат или не.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административни такси.

Ве повикувам да гласаме.

За жал, гласањето не е валидно.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Гласале 63 пратеници, за гласале 51, воздржано 4, против 8 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлог на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број пратеници гласале 60 пратеници, за гласале 51, воздржани нема, против 9.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров и Оливер Спасовски пдонесоа амандмани на член 4 точка 4 за бришење на став 1 и на член 4 за бришење на точките 7, 8 и 17, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 4, за бриќшење на став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Ацо Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Со овој амандман бараме, значи со Предлогот за изменување и дополнување на Законот за административни такси, за јавноста сакам да кажам дека покрај тоа што дел од таксите се воведуваат затоа што со многу законски решенија одредени области се опфатени, но факт е дека со овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за административни такси се воведуваат нови тарифници односно нови админситративни такси за области кои и порано биле регулирани, значи за области, за кои досега не постоеле административни такси. Таков е случајот и со овој амандман што го поднесуваме.

Значи во членот 4 од Предлогот за изменување на законот, во тарифата број 18-а, бараме да се избрише точката 7, односно тарифникот 6 според кој сега со овој Предлог на закон се воведуваат нови административни такси на тутунски и производители на вино.

Точно е она што го кажа колегата Киров дека кога намалуваме такси или привидно кога намалуваме даноци и такси, тогаш ние се сликаме пред метиумите и говориме дека намалуваме административни такси. Но овде, поточно овој амандман се однесуваше за превозот, се извинувам господине претседателе, јас сум во грешка бидејќи сега стигнав бев оправдано отсутна. Значи во членот 4 се брише точката 17 која се однесува за одобренијата и решенијата што ги издава царинскиот орган за плаќање на такси.

Сметам дека е недозволиво да се воведуваат нови административни такси без притоа да има оправдување зошто се воведуваат, бидејќи во сите наши изборни програми се кажуваше дека ќе ги намалуваме даноците, ќе ги намалуваме зафаќањата на граѓаните за Буџетот на Република Македонија.

Мислам дека овој амандман Владата требаше да го прифати затоа што сега со овој амандман практично она што беше зафаќање од Буџетот на граѓаните а тоа е 350 денари за издавање на дозвола за меѓународен превоз на стока во меѓународниот патен сообраќај за домашен превозник, сега од 350 денари се зголемува на 600 денари. Затоа би сакала да му поставан прашање на претставникот на предлагачот кои се аргументите заради кои сега оваа такса од 350 денари за издавање дозвола за меѓународен превоз на стока во меѓународниот патен сообраќај, се зголемува на 600 денари. Значи кои се причините заради кои сега ги зголемуваме админситративните такси односно воведуваме поголема давачка за граѓаните кои егзистираат со вршење на оваа дејност. Мислам дека претставникот на предлагачот треба да ни одговори и очекувам пратениците од владеачката коалиција, ако се држат на она што значи нивно предизборно ветување, овој амандман треба да биде прифатен затоа што и до сега постоела административна такса од 350 денари, но сега се зголемува н а 600 денари. Кои се причините зошто сега државата се сети да ги зголемува админситративните такси, во време кога преку медиумите кажуваме дека на секаде се намалуваат зафаќањата од граѓаните, од кои се полни буџетот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Оваа административна такса повеќе од 12-тина години во Република Македонија не е променета. И ние го поставивме истото прашање зошто да се зголемува. Матичното министерство образложи дека материјалните трошоци кои се прават за овие дејствија се драстично зголемени и за да може да се обавува работата неопходно е да се зголеми административната такса. Оваа административна

такса од 350 денари откако е воведена во 1992, 1993 или 1994 година до ден денес не епроменета, а трошоците се значително пораснати. Од тој аспект матичното министерство преку Министерството за финансии предложи да се зголеми оваа такса од 350 на 600 денари. Тоа е основната причина.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Аргументите на заменик министерот не ги прифаќам затоа што за издавање на дозвола за меѓународен патен сообраќај, не знам кои се тие толкави трошоци што би ги надминале 350 денари. Ако досега државата опстојувала со овие административни такси од 350 денари, во време кога повторно кажуваме насекаде дека ги намалуваме таксите и даноците треба да опстои и понатаму да остане оваа такса на 350 денари, а не со зголемување од 600 денари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Јас ќе бидам многу краток, можеби ќе бев уште пократок ако заменик министерот не дообјаснеше на колешката Цветанка Иванова зошто ги зголемуваат овие такси.

Значи, тоа е една од таксите за кои јас зборував и за кои се сомневам дека така треба да бидат, тоа веќе заменик министерот го кажа дека таксата ја зголемуваат од 350 на 600 денари од причини што некаде од 1990, 1992 година не се зголемени овие такси, што можеби е во ред, но не е во ред од друга страна, бидејќи почитуваниот заменик министер знае дека платите во Република Македонија ниту стандардот на граѓаните на Република Македонија, како што знаеме сите овде, а и граѓаните на Република Македонија, дека ни платите не се зголемени бог знае колку во последните 15-20 години.

Причината не би требало да биде за зголемување на овие такси затоа што 1990-1992 година не биле покачени. Вие рековте дека се зголемени трошоците и затоа треба оваа такса да се зголеми.

Моето обраќање до заменик министерот е тоа јас со тоа не се согласувам, бидејќи ние знаеме дека на нас и на граѓаните на Република Македонија во последните 15-20 години трошоците ни се зголемени, но платите, примањата во Република Македонија се на многу ниско ниво дури можам да кажам дека колку биле во 1992 година можеби кај одредена група на граѓани толку е останата особено кај работничката класа. Можеби кај администрацијата има покачување во последните 15 години, но кај одредена група на граѓани трошоците се зголемени, а платата останува иста. Можеби не би требало да го кажам и не би требало да се спореди дека платите на работниците се зголемуваат, сакав само една споредба да ви дадам почитуван заменик министер дека причината не би требало да биде не зголемување 15 години на оваа такса, а сега да биде причина да се зголеми затоа што не била зголемена. Јас со тоа не се согласувам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Да кажам накратко неколку аргументи по однос на амандманот кој го поднесовме со колешката Иванова и колегата Киров. Не претендирам дека ќе го убедам министерот и Владата во тоа дека не треба да ги зголемуваат давачките во Република Македонија, тоа е нивна политика која сакаат во јавноста да ја прикажат дека се Влада или првата Влада која намалила даноци во Република Македонија, има даночни олеснувања за граѓаните, меѓутоа, фактите говорат за нешто друго. После некое време ќе говорат уште повеќе и ќе бидат аргументи на граѓаните на Република Македонија дека сите давачки се зголемуваат во Република Македонија, а не онака како некој ги убедува дека давачките им се намалени или живеат подобро во Република Македонија.

Овој амандман го поднесовме од причина што сметаме дека навистина дека сумата која е определена за издавање на дозвола за меѓународен превоз на стока во меѓународниот патен сообраќај која, слушнавме од заменик министерот, скоро 12 години е 350 денари, нема причина да биде зголемена на 600 денари и ова го сваќам единствено како зголемување на приходите за оној дел од секаде по малку каде има намалувања. Или се прикажува во јавноста дека има намалувања на даноци во Република Македонија,меѓутоа, сумата на пари мора од некаде да се надополни, па и со зголемување на ваквите давачки или за сите закони за кои разговаравме во Собранието токму на оваа седница на дневен ред, а подоцна ќе говориме веројатно и за законот за комунални такси и уште еднаш ќе се покаже дека има зголемување на давачките во Република Македонија.

Не знам каков е аргументот дека промената на цената не е извршена 12 години, впрочем се зголемиле трошоците за издавање на таа дозвола за меѓународен превоз на стоки во меѓународниот патен сообраќај, а притоа да не се води сметка колку се зголемени трошоците на оние кои го организираат тој меѓународен превоз. Тие што имаат потреба од една таква дозвола за тоа во ниту еден момент не слушнавме аргументи или начин на решавање на тој проблем како и на кој начин на овие луѓе да им се помогне се со цел да поттикнеме трговија во Република Македонија, повеќе фирми да се вклучуваат во меѓународниот превоз и т.н. Ова не е мерка со која тоа ќе го постигнете, па од тие причини мислам дека требаше овој амандман да

биде прифатен, воопшто и сите амандмани кои значат зголемување на даноците заради тоа што овде не станува збор апсолутно за усогласување на европското законодавство или законодавството на Република Македонија со европското законодавство. Тоа е исклучиво политика која Владата во овој период ја има во Република Македонија на привидно намалување на даноци, а во суштина зголемување на сите давачки на граѓаните на Република Македонија.

Апсолутно не мислам дека ќе ги убедам членовите на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ да го подржат овој амандман и да застанат во одбрана на интересите на граѓаните на Република Македонија заради тоа што покажаа дека никогаш до сега тоа не го направија и не мислам дека овој амандман ќе го подржат во овој случај. Инаку, единствено логично постапување при зголемување на давачките на граѓаните на оние кои ни го дадоа мандатот да се прифати еден амандман во кој до сега предвидените такси кои биле на некое ниво да останат такви какви што се, а не да ги покачуваме и со тоа директно да влијаеме врз финансиската моќ на граѓаните на Република Македонија и на правните субјекти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули**: Почитуван претседателе, мојата интервенција е процедурална.

**Љубиша Георгиевски:** Да, повелете.

**Јани Макрадули**: Почитуван претседателе,

Во овој момент кога сакавме во архива да предадеме неколку амандмани, бевме известени дека амандманот не може да биде заверен во архива до колку не е потпишан и од службите на Собранието.

Би сакал да ве замолам да ми укажете по кој член од Деловникот е направено тоа, по кој акт е направено тоа, дали тоа спаѓа во тактиката за дискриминација на опозицијата и во име на тоа барам половина час пауза, да не претендирам на целото работно време, 15 пратеници седиме, правиме кворум, а се прави се, надвор од Деловникот, ако ми укажете по кој член тоа се прави, тоа е друго, надвор од Деловникот се прави се за да се замолчи опозицијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали може да се состанеме на 15 минути пауза, ако треба и повеќе, но нека биде 15 минути паузата. Јас сега не можам да одговорам, бидејќи прв пат слушам, водам седница, но затоа закажувам состанок за да ви дадеме одговор.

15 минути пауза за консултација.

(Пауза од 12,46 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,06 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Збор има госпоѓа Јакупи Зумрете, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер и почитувани колеги.

Јас сакам да го искажам моето мислење, за да ја поддржам мојата колешка која го има предложено овој амандман, од причина што овој амандман е од полза за овој закон за административни такси. Мислам вака, бидејќи државата треба да понуди што подобри услови за егзистенција, а не да воспостави дополнителни задолженија, бидејќи се знае дека метежот кој постои за добивање дозволи, за меѓунационален транспорт на стоки за домашните транспортери. Значи, со административните такси, да не ги задолжиме одредени групи на граѓани, на тој начин да не ги заостриме и така тешките нивни состојби. Забелешката е во тоа дека за цело време оваа актуелна Влада се рекламира преку медиумите со декларации и изјави, кои се веќе познати дека се намалуваат таксите и даноците, додека од друга страна е во спротивност со тоа дека истите ги исполнува на разни начини, полнејќи го Буџетот од државата со овие такси. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, затоа што ќе гласаме.

Ги молам службите да пребројат колку пратеници има во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број пратеници, гласале 54, за гласале 15, воздржани нема, против гласале 39 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за бришење на точка 7, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата амандманот не го прифаќа.

Збор има господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, пратеници, почитуван заменик министер.

Овој амандман јас и моите колеги од СДСМ го поднесовме со цел исто така да спречиме односно да делуваме амандмански да не се воведе таксата. Овој амандман се однесува за воведување на такси за откупувачите на тутун и производителите на вино во висина од 1500 денари, кој е предвиден со овој Предлог закон за воведување на административни такси.

Јас и во претходното мое јавување 2-3 пати реков дека сум против воведување на такси, иако овие такси се однесуваат за откупувачите на тутун и за производителите на вино. Тоа мое кажување односно моето залагање каде што зборував за данокот на имот на одредени згради и деловни простории, каде што велевме дека може да дојде до дестимулација на бизнисмените односно на луѓето кои сакаат да вложуваат и да го развиваат бизнисот и стопанството во Република Македонија, исто и овде овој амандман го поднесовме да не дојде, иако јас ќе бидам искрен и ќе кажам, можеби и сум сигурен дека не е тоа што ќе биде Бог знае колку ќе биде оптоварен оној што произведува вино и оној кој откупува тутун, но сепак ќе биде еден товар на овие луѓе кои се занимаваат со оваа бранша односно откупувањето на тутун и производството на вино.

Јас ќе се надоврзам со тоа што овде би сакал да го запознам почитуваниот заменк министер, а тоа ќе го зборуваме најверојатно кога ќе дојде на дневен ред со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство таму најверојатно исто така ќе имам поднесено амандман со колегите дека обратно е од овој член, од оваа воведена такса, а таму се однесува за откупувачите на тутун, кои треба да ја пресметуваат цената на тутунот односно да ја зголемат за толку колку што треба да се плаќаат оние посматрачи односно од Задружението на тутунопроизводителите, кои што треба да ги претставуваат граѓаните односно со наши зборови кажано да примаат плата. Значи, овде се предлага едно, а таму друго. Затоа, мислам дека предлагачот без разлика дали се однесува за едно министерство или за друго министерство, сепак, тие се предложи кои што доаѓаат од Владата на Република Македонија и се спротивни едно со друго. Но, за тоа кога ќе дојде ред ќе зборувам и ќе бидам тој кој што ќе поднесе амандман да не се оптоваруваат граѓаните, туку ќе инсистирам и тоа ќе го спомнам и на оние кои ме слушаат овде, кога ќе дабатираме после еден месец, ќе видам дали парламентарното мнозинство тогаш ќе ме поддржи откупувачите на тутун да ги оптоваруваме односно тие да ги плаќаат посматрачите односно претставниците на Здружението на тутунопроизводителите, кои треба да го следат откупот на тутунот. Значи, таму се предлага тие да плаќаат, а не откупувачите на тутун, а овде откупувачите на тутун се оптоваруваат со оваа такса.

Тоа се две работи кои што се спротивни една со друга и не знам зошто Владата дава таков предлог, во една ситуација едно, во друга ситуација друго. Сега, јас однапред знам дека парламентарното мнозинство нема да ме поддржи односно нема да го поддржи овој амандман, бидејќи секој од вас ќе рече и ќе каже, па не може производителот на тутун да го товариме со оваа такса или да му се зголеми односно да му се намали цената за толку колку што треба откупувачот на тутун да ја плати оваа такса. Тогаш, кога ќе дојде ред, јас пак ќе зборувам, бидејќи го имам прочитано Законот за тутун, кој сега сеуште не е дојде овде на дневен ред, но сепак тоа е контрадикторно односно спротивно на тоа што сега се предлага.

Затоа очекувам парламентарното мнозинство да не го прифати овој амандман и баш ме интересира после еден месец кога ќе го поднесам амандманот за обратна ситуација, односно кога треба граѓаните односно производителите на тутутн да ги растовариме од онаа давачка односно од платата која што треба да ја земат, а која што треба самите да ја платат, а не откупувачите на тутун. Да видиме тогаш како парламентарното мнозинство ќе реагира и дали ќе го прифати овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, јас ќе се обидам да укажам, како и мојот колега Ацо Киров кон парламентарното мнозинство да го прочита амандманот или да види за што се работи, па потоа да одлучи како ќе гласа.

Имено, во трката по собирање на повеќе пари од граѓаните, Владата се решава да воведе административни такси за две нови групи кои до сега не постоеле, а тоа се откупувачите на тутун и производителите на вино.

Ние постојано кажуваме колку е значајно земјоделието и колку Владата вложува како субвенции во земјоделието, иако праксата не го покажала, она што реално се случува, тоа е воведувањето на нови административни такси како за откупувачите на тутун, но она што е позначајно за производителите на вино. Да биде трагедијата поголема, во едно сатирично интервју министерот за странски инвестиции, Веле Самак објаснуваше што планирал да прави иако се сеќавате рече дека ќе ставал наплатни рампи на патот Е-75 каде има многу лозови насади и многу винарски визби, но наместо Владата да влезе во промоција на винопроизовидителите и да изврши одредени стимулации или промоции на нашето вино, не повеќе сега ќе земаме пари од производителите на вино. На тој начин и ова е дел од квази политиката на Владата, а таа се вика земајте повеќе од граѓаните, а рекламирајте се дека тоа го правиме помалку. Но без разлика колку пари ќе потроши Владата на такви кампањи ќе дознаат и во Неготино и во Демир Капија и во Кавадарци и во Росоман, и гевгелиско, светиниколско, секаде каде што има произведители на вино, во скопскиот регион, дека тие сега ќе мора да плаќаат плус на државата, затоа што Владата се обидува да најде начин како да собере повеќе пари од граѓаните и некако производителите на вино, кои во овој момент имаат експанзија, многу отворија винарски бизниси, многу квалитетоно вино може да најдете во Република Македонија и на место да се вложи во промоција на тоа вино, во кластерот каде би се промовирале тие

винопроизведители, државата влегува во варијанта каде ќе им зема повеќе пари на производителите на вино. Затоа се надевам, барем од дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, кои живеат во овие краишта, ќе добиеме подршка на овој амандман, бидејќи ќе треба да им објаснат на граѓаните зошто државата им зема повеќе пари сега отколку пред 5 јули.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Ќе бидам краток, бидејќи се е јасно, се е јасно за намерите и политиката на Владата која единствено се грижи за сопствениот Буџет, за сопствените финансии, притоа не водејќи сметка за положбата на обичните граѓани, подобрувањето на условите за живот и за работа односно за производство.

Оваа такса ја воведувате на откупувачите на тутун, ајде можам да разберам на откупувачите, значи тоа не се директни произведители кои живеат од сопствениот труд и сопствената мака, но ова второво не можам да го разберам, на производителите на вино. Каде ви е изборната кампања, каде ви е владината програма, каде говорите за стимулации на произоводителите, поготово за стимулации и субвенции на земјоделците и стимулација за производството на земјоделски производи. Значи едно говорите додека сте во опозиција, сосмеа поинаку се однесувате кога тие ветувања и обврски од вашата сопствена програма треба да ги исполните. Со право веќе повеќе категории на граѓани почнуваат да реагираат и да искажуваат незадоволство, затоа што не осеќаат никакви ефекти од вашата економска политика, и од вашата фискална политика посебно, политика која ја рекламирате како кампања за намалување на даноците, а овде гледаме ни испраќате закони во кои, иако тоа не се даноци, со друго име се нарекуваат такси, сепак се зголемуваат давачките и крајниот ефект е негативен за произведителот односно за земјоделецот. Значи ова е многу лицемерно од ваша страна, исто така и симптоматично зошто го премолчувате без некое образложение, донесувањето на овој закон за зголемување на административни такси, не наоѓате конкретен повод, не давате образложенија за реалните административни трошоци, што се зголемени за да барате од производителите да ви ги надоместат и се се сведува на една гола пропаганда и популизам на Владата, себеси да се прикаже како штедлива и економична и од друга страна дека е загрижена за финансиската состојба на граѓаните, дека ќе ги помага производителите, посебно земјоделците, а од друга страна си го тера своето и им воведува нови давачки. Значи со ова нема да ја подобрите економската ситуација во Република Македонија, напротив вие треба да создадете услови за овие производители, конкретно на вино, да можат да произведуваат на поефтин начин, поквалитетни сорти, да можат количински повеќе да произведуваат и поквалитетно вино, да го изведуваат и на тој начин да го зголемите потенцијалот на македонската еконимија и на тој начио да имате основ да барате зголемување на и на административните давачки на овие категории на лица. Во спротивно вие тоа не го правите. Единствено што правите е дека ги зголемувате нивните трошоци за производство, а не им овозможувате никакви услови за тие да го зголемат и да го подобрат производството. Во тоа се гледа целата апсурдност на вашиот предложен закон. Од тие причини го предлагаме амандманот кој, сигурни сме, нема да го прифатите и понатаму ќе го премолчите образложението од каде го најдовте основот за зголемување на ваквите троши односно на ваквите административни давачки.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпески:** Благодарам.

Тоа што беше изнесено не држи вода. Зошто? Затоа што во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има повеќе регистри. Тоа може да се види од постојниот закон. Сега се формираат уште два регистри, регистар за производители на вино и регистар за откупувачи на тутун. Како и за сите регистри што претходно се воделе, така и за овие два регистри цената е иста, на кој начин не може да му се наложи на производителот на вино дали да влезе во тој регистар, да биде регистриран или да не биде регистриран. Доколку се регистрира, ќе ги искористи сите поволности што ги пружа тој регистар.

Една поволност е тоа што влегувајќи во тој регистар, производителот на вино едноставно се рекламира, се прават брошури, листа на производители на вино во Република Македонија, па тие брошури се ставаат на интернет, се делат на странци, така што се добива листа на сите производители на вино во Република Македонија. За тоа се плаќа 1,500 денари и тоа не месечно, не годишно, туку 1,500 денари на почеток додека не се заведе во тој регистар. Тука не станува збор за зголемување на трошоците на производителите на вино. Тоа во никој случај нема да влијае врз зголемување на трошоците на производителот на вино. Ако сака да се заведе во тој регистар и ако плати 1,500 денари да биде на список името на фирмата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Тоа дали држи или не држи вода, коментарите да си ги задржите за вас и во Владата таму можете така да си зборувате. Овде имаме право на поинакви размислувања. Сега ќе ви кажам еден пример.

Се работи за 1500 денари, како што вие кажавте, што нема да ги осетат како трошок производителите и земјоделците. Господине замениче, вас за некој повод државата да ви земе 1500 денари од платата или од џебот, вие

тоа нема да го осетите, како трошок? И тоа 1500 денари само за да го евидентирате таму во некој список, во некој регистар. Зошто да бидат 1500 денари, зошто да не биде бесплатно. Еве направето го тоа од државата како една стимулација, или таксата нека остане како досега, нека не се зголемува. Си измислувате причини само за да собирате пари во Буџетот, да го полните Буџетот за сите оние неуспешни потези кои премиерот ги правеше кога ги фрлаше таблите дека паѓаат даноците, па сега морате да ги пополнувате дупките од разно разни страни. Земјоделците и производителите не ги интересира тоа дека вие отварате два нови регистри. Што тоа нив ги интересира. Терајте си ја вие таа работа. Зошто им земате пари? Ги прашавте дали треба да отворите два нови регистри за да им земете пари, еве нека тоа државата го направи во согласност со изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ дека ќе помага на производителите и земјоделците.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор, госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Со оглед што амандманот е одбиен, сметам дека пратениците повеќе се обраќаат по своите колеги и јас би замолила внимателно да погледнат колегите за што се работи.

Навистина не ми е јасна комплетната незаинтересираноста на дел од колегите од парламентарното мнозинство, кога говориме за нешто што можеби во суштина не би го променила законот, а за поризводителите на вино во секој случај барем ќе им укине една давачка.

Не е проблем, можеби како што кажа заменикот, ако се работи само за еднократна такса, но проблемот е во тоа што со овој закон на сите ниво и во голем број области се воведуваат нови административни такси. Говориме принципиелно. Оваа Владата од една страна говори за намалување на даноците, што го направи 5-от ден од изборот на Владата, од друга страна на сите можни начини воведува нови давачки што треба да ги дадат граѓаните. Ако и тоа еднократно, зошто тоа не биде една мала партиципација од Владата, ако тоа значително нема да го промени Буџетот, пред се на оние кои произвдуваат. Уште позагрижувачки е како административната такса која сега се воведува за откупувачите на тутун, понатаму ќе се одрази и на самите тутунопроизведители за што морам да кажам дека сум особено загрижена затоа што тутунопроизводителите не да го достигнаа дното, туку веќе се на неколку метри под тоа дно и одвај успеваат да го преживеат секој ден, а камо ли секој месец. Од тој аспект јас би замолила, особено колегите кои доаѓаат од оние краишта каде производството на вино е една значајна, можеби и една од главните дејности, да собарат храброст и да дадат подршка на овој амандман затоа што сметам дека нема да се направи нешто што би ја нарушило целокупната владина политика. Но, во секој случај еден чекор што за земјоделците односно за производителите на вино ќе биде од големо значење, освен ако не се работи за тоа, според објаснувањето на министерот Трајко Славески дека и ова се прави од задоволство, па оваа стапка кај произведувачите на вино ќе предизвика поголемо задоволство психолошко, отколку да се напијат чаша македонско добро вино. Ако е целта тоа да им се овозможи едно психолошко задоволство на граѓаните, тогаш можеби и има некое оправдување, но мислам дека граѓаните односно производителите на вино нема тоа баш така да го доживеат.

Уште еднаш, иако 5-6 колеги пратеници ме следеа она што го зборував и ги повикувам тие 5-6 пратеници да дадат подршка, а другите да си продолжат со меѓусебните разговори и читањето на дневните новости. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Гласањето го повторуваме.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на доволен број на пратеници, гласале 55, за гласале 5, воздржани нема, против гласале 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за бришење на точка 8, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Предраг Трпески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор пратеникот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Овој амандман што го имае поднесено, ако претходниот амандман се однесуваше за откупувачите и производителите на тутун ина вино, овој амандман што го поднесовме со мои колеги се однесува токму на домаќинствата кои треба да добијат одобрение за садење на лозја со сорти на винско грозје и за промена на сорти што не се винско грозје. Значи оваа такса што е воведена директно удира по џебот на домаќинствата кои се заинтересирани за нови лозови насади, бидејќи треба да платат 600 денари за да добијат одобрение. Значи со овој амандман што го предлагаме е укинување на овој член од причини, тоа јас само накратко ќе го образложам на заменикот на министерот, за да му кажам дека ние го стимулираме преку Министерството за земјоделие, ги стимулираме

лозовите насади дали тоа се однесува на нови сорти, дали се однесува по хектар и тн., тоа го има во Програмата за земјоделие, а овде фактички овие домаќинства односно луѓето кои што сакаат да посадат нови лозја се воведува такса од 600 денари.

Дали е голема или мала, или воопшто не треба да постои оваа сума односно оваа цифра од 600 денари, јас не би сакал многу да коментирам, но мој став е дека не би требало да се воведе оваа такса ако сакаме да стимулираме нешто, бидејќи ние знаеме, пред малку зборуваше колегата Кондарко кога кажа дека Владата во својата Програма или реформирањето, или по воведување на одредени програми таа ќе финансира. Тоа е јавно кажано на телевизија, по весниците и затоа сега ме чуди зошто кога толку зборуваме за земјоделците, секој ден се фалиме дека на земјоделците им овозможуваме користење на разни средства, финансиски средства, стимулирање на земјоделското производство, а сега со овој Предлог на закон за воведување на административни такси фактики воведуваме една такса од 600 денари, која што според мене би значела дестумулација на луѓето кои што сакаат да посадат нови лозови насади.

Јас знам дека, за мене министерот ќе каже дека тоа не е голема сума на пари, но јас сето тоа што го зборувам до сега го зборувам од причини што може Владата на Република Македонија или Министеството за земјоделство, кога стимулира нека биде ова такса, знам дека заменикот на министер ќе каже дека тоа со законот за административни такси треба да има такса, дали 300 или 600 не е битно, но зошто оваа такса, нека биде 600 денари како што реков, но нека ја плаќа државата, односно Министерството за земјоделство за стимулирање на подигање на нови лозови насади. Толку би сакал да кажам околу овој амандман и исто како по претходниот амандман би апелирал кај парламентарното мнозинство да го поддржи овој амандман особено пратениците кои што доаѓаат од подрачјата каде што лозовите насади се со најголеми површини, а ние знаеме кои се тие општини. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутнуи пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во присуство на доволен број на пратеници гласале 49 пратеници, за гласале 7, воздржани нема, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за бришење на точка 16, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров и Оливер Спасовски.

Го молам претставникот на Владата да се признесе.

Има збор заменикот на министерот за финансии.

**Предраг Трпевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Ацо Киров:** Ова е последниот амандман што го имаме поднесено за причини на таксите кои се воведуваат со овој Предлог на закон, кој се однесува на членот 4 точка 17 кој што вели дека без одобрение и решение кој ги издава царинскиот орган се плаќаат такси и тоа за одобрение и решение во форма на службена белешка.

Јас во претресот кога беше зборував за објаснувањето, се извинувам на заменикот на министерот, тој објави дека мораме некои такси да воведеме во Република Македонија, односно во Царинската управа, кои се усогласивме со Европската Унија. Јас реков дека го немам тоа видено и многу не би сакал да зборувам околу овој амандман ако ова решение е наметнато за усогласување со Европската Унија. Дали требало да бидат 300 или 500 денари не би сакал да коментирам и немам сознанија бидејќи го немам тоа видено, заменикот на министерот или Министерството за финансии го имаат разгледувано тоа и имаат донесено една таква такса која што вели дека треба да се плаќа за службена белешка 300 денари и 500 денари за пропишан образец.

Јас немам многу познавања околу обрасците и службените белешки во Царинската управа, а верувам дека заменикот на министерот тоа знае што е. Само едно кратко објаснување од заменикот на министерот, ако треба нека ми објасни, дали се однесува на некој образец кој што треба да се потполни или тоа е само образец за странство кој што го издаваат царинските служби на корисниците на услугите кои што треба да ги добијат овие лица. Значи, зборувам службена белешка и пропишан образец во писмена форма.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор заменик министерот за финансии.

**Предраг Трпевски:** Станува збор за промена по тарифен број 72.

Во тарифниот број 72 административните такси со последното решение се движат од 3000 денари па до 60.000 денари. Имаше забелешки од Европската комисија и од тие причини нашиот предлог е не само да се намали бројот како број на административните такси, туку да се намали и износот на административната такса. Така да ги сведуваме само на две, оние што ги кажа господинот пратеник и административната такса треба да биде 300 односно 500 денари.

Значи, станува збор за намалување и на бројот на таксите и за износот на таксата, намалување на бројот и тн. и тн.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник. За гласале 7 пратеника, воздржани нема и против 54.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот ЏВИ од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови присутни на седница, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника од кои 56 за, воздржани нема и против 4.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани од гласање? (Два пратеника).

За гласале 11 и двајца воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси.

Предлагам пауза за ручек до 15,00 часот.

(Пауза за ручек од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,11)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да ги заземат своите места продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 14. - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Почитуван потпретседател на Собранието, почитувани пратеници,

Според Законот за комунални такси за користење на одредени права, предмети, услуги, кои се од јавен интерес и тоа од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност во Република Македонија, како и од граѓаните се плаќаат комунални такси според тарифа која е составен дел на овој закон.

Со измените на Законот се предвидува за користење на одржување на јавно осветлување да се плаќа комунална такса и тоа во зависност од типот на потрошувачот.

За потрошувачи приклучени на 0,4 киловолтен напон, тоа се домаќинствата по 25 квтч., потрошувачи од 0,4 киловолтен напон, тоа се трговски друштва и занаетчии по 50 квтч., за потрочувачи од 10 киловолтен напон по 100 квтч., за потрошувачи од 35 киловолтен напон по 150 квтч., и за потрошувачи од 110 киловолтен напон по 300 квтч., за секое броило за мерење на електрична енергија по цена за јавно осветлување која ја објавува Регулаторната комисија за енергетика.

Предложените измени се резултат на потребата од преземање на итни мерки со кои на општините ќе им се овозможи обезбедување на соодветен износ на средства потребни за тековно одржување на оваа комунална услуга, а кои се прибираат од комуналните такси за уличното осветлување.

Начинот на користење на овие средства се утврдува со посебен акт на општините.

Со законот се предвидува и усогласување на казнените одредби, со одредбите од Законот за прекршоци и тоа за прврни лица, одговорните лица во правното лице, физичките лица, и граѓаните ако постапат спротивно на одредбите од овој закон.

Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Има збор господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Еве, имаме уште едно ново зголемување на давачките во Република Македонија која, за разлика од претходните зголемувања односно воведување на такси дали во одредени случаи се одредуваат на одредни компании, откупувачи на тутун, производители на вино итн., сега оваа одредба односно ова зголемување на таксите

диектно се однесува на граѓаните на Република Македонија. Ова зголемување ќе го почувствуваат на своја кожа домаќинствата во нашата земја.

Образложението е дека овие зголемувања на таксите односно на јавната давачка за осветлување е дека треба да се зголемат средствата кои ќе ја компензираат потрошувачката односно ќе дојде до продуктивно и рационално користење на овие средства за извршените услуги.

Како и секогаш до сега кога се работело за давачки сум бил против воведување на овие давачки, пред 13,00 часот кога зборував реков дека сум против зголемени давачки, кажав дека секогаш Владата кога ги намалува давачките се рекламира на телевизија, а сега кога ги зголемува, а бидејќи ние пратениците и луѓето кои во моментот не пратат, знаат за што се работи и пак ќе повторам треба и зголемувањето и намалувањето да биде јанво кажано и граѓаните на Република Македонија да бидат запознаени дека еве денеска зголемуваме такси и давачки на населението. Ова е директно упатено на македонските домаќинства.

Имаме зголемување како за домаќинствата така и за трговските друштва и тоа по киловати од 0,4 киловолтен напон старата тарифа била 15, сега се оди до 25 квтч., од 20 се зголемува на 50, од 25 на 100, од 30 на 150, и од 35 на 300. Што значи тоа? Тоа значи дека сега секое домаќинство ќе плаќа, ако не двојно, приближно двојно од досегашното што го плаќаа за уличното и јавното осветлување. Мислам дека колегите пратеници знаеме колку беа давачките, сите ја плаќавме досегашната давачка и ќе ја плаќаме понатаму, но од сега ќе ја плаќаме во поголеми износи.

Едно домаќинство до сега плаќаше по 45 денари, а да знае јавноста дека тие 45 денари беа до минатогодишното покачување на електричната енергија. Со покачувањето минатата година ова време беше 45 денари, а потоа 53 денари по домаќинство. Тоа е износ кој рамномерно го плаќаат сите домаќинства без разлика на потрошената електрична енергија. Сега со новата одредба, со ова зголемување, јас ќе зборувам за домаќинствата, но оптоварени се и трговските друштва, оние поголеми потрошувачи, а јас ќе зборувам за домаќинствата, бидејќи сега секое домаќинство ќе плаќа зголемена цена од 45 на 53 денари со зголемувањето на електричната енергија а сега ќе биде околу 98-100 денари.

Како што реков на почетокот не е 100% зголемување, туку некаде 90%. Не знам зошто тоа го презема Владата, ќе кажам еден пример, бидејќи имав искуство од општината од која доаѓам, бев запознаен како оди фактурирањето и плаќање на уличното осветлување. Ќе ви дадам еденпример, јас не сум стручњак, но мислам дека и оваа цена која беше до сега нема потреба да се зголемува. Еве зошто.

Зборувам се до периодот од пред една година, а од тогаш наваму нема кој знае што променето. Нашата општина иако мала, но сепак 15 илјади жители од ЕСМ добиваше фактура за потрошена електрична енергија за осетлување околу 190 илјади до 200-210 илјади денари, зависно од временскиот период дали е лето, зима, есен или пролет, затоа што знаеме дека уличното осветлување во зимскиот период трошокот е поголем, бидејќи денот е помал.

Фактурата која ја добивавме од ЕСМ беше толку, 200 илјади денари. Со приватизацијата на ЕСМ, бидејќи се покачи наплатата и тоа не 100%, ако била некаде 30-40% наплатата, после имаше 100% покачување, околу 60 до 70% и општината беше во многу поповолна положба околу ова јавно осветлување. Се до тој момент фактурата изнесуваше односно потрошената енергија околу 200 илјади денари, а потоа фактурата исто толку, но наплатата општината добиваше повеќе парични средства од ЕСМ, бидејќи имаше поголема наплата. Знаеме дека тие плаќаат спрема тоа како наплатуваа.

Ќе наведам еден пример, ќе кажам дека наплатата била повеќе од 70%. Општината ја покриваше фактурираната сума од ЕСМ спрема општината дури останаа за некој малку за некој многу парични средства кои беа над фактурата.

Сето тоа го кажувам за да дообјаснам на некои кои не се запознаени од нас колегите овде, да знаат дека немаше потреба од зголемување на оваа такса затоа што со постојната такса, со оваа сума која ја плаќавме по 45 денари односно сега 53 по семејство, општината ќе ги покриеше трошоците. Сега со новата сума од 98-100 денари по домаќинство и за останатите субјекти уште повеќе и тие имаа зголемување, мое мислење е, не сум стручњак, можеби некој после мене ќе се јави за збор кој повеќе ја разбира оваа проблематика од мене, мислам дека ќе дообјасни и ќе каже точно онаа цена сега ги покрива трошоците и не треба ниту денар да се зголеми таксата за уличното и јавно осветлување.

Ние знаеме, а гледаме и на телевизија дека последниот месец дена градот Скопје со општините е во преговори со Владата, во препукувања дека тој ја платил, тој не ја платил електричната енергија односно осветлувањето, како што гледаме излез од тоа нема. Но не е проблем и постоечката цена односно постоечките давачки ќе бидат доволни за подмирување на уличното осветлување. Како што реков пред малку можеби ќе зборува некој кој повеќе ја разбира оваа проблематика од мене, мислам дека ако општината чесно ја плаќа струјата која му е фактурирана заз потрошената електрична енеергија за јавно осветлување, мислам дека со новата цена ќе ќари општината. Не сум сигурен колку, но сигурен сум дека еден дел од овие средства кои ги добиваат од ЕСМ или како се вика ЕВН, мислам дека во Буџетот односно касата ќе остануваат средства на општинаа.

Затоа мислам дека нема потреба од зголемување на оваа такса пак да ги оптеретуваме домаќинствата, овде многу дебатираме и со министерот Трајко Славески, еве и со заменикот многу пати сме зборувале, многу пати сме поднесувале амандмани, многу пати сме биле против овие такси, па макар и минимални од 100 денари,200 денари, дури некој од парламентарното мнозинство кога зборуваме кажува дека не се големи давачки кои едно домаќинство не може да ги подмири. Можеби колегите од овој агол каде што седиме и од позицијата која ја имаме или во зависност кој како се снашол во приватниот живот, мислам од финансиска гледна точка, можеби 200, 300, 500-тини денари не се многу, но почитувани колеги пратеници, би сакал да апелирам до вас, без разлика што знам дека ќе гласате за овој Предлог закон, а против амандманот кој е поднесен од СДСМ, но сепак тука се работи за една давачка со која вие и ние во оваа сала ќе им помогнеме на сите домаќинства да не ги оптоваруваме со уште една давачка. Колкава е толкава е, сепак 50 денари по домаќинство зошто да ги плаќаат кога секој ден зборуваме, кога секој ден дебатираме за зголемување на одредени такси, давачки и други работи кои луѓето односно домаќинствата, фирмите, компаниите треба да ги плаќаат.

Мојата загриженост овде како пратеник е пред се давачките со кои се оптоваруваат домаќинствата или така наречени физички лица кои треба да ја плаќаат оваа сума.

Затоа се надевам дека сето ова што го кажав околу овој Предлог закон за зголемување на комуналните такси, ако не сум во право, нека ме дебатира некој од парламентарното мнозинство и се надевам дека ќе гласате против или ако Законот го гласате за, тогаш ќе гласате за амандманот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван господин потпретседателе, почитуван претставник од Владата, колеги пратеници.

На почеток од моето излагање јас би сакала да го изнесам ставот на СДСМ во врска со овој закон.

СДСМ е на мислење дека треба да се прифати законот со амандманот поднесен од група пратеници од СДСМ плус амандманот поднесен од Владата на Република Македонија.

На мислење сме и убедени сме дека не е дозволиво во овој момент да се воведе кај домаќинствата во Република Македонија уште една нова давачка. На мислење сме дека сето тоа е спротивно со програмските ветувања на изборите минатата година ова време кога велевме дека било позицијата денешна била опозицијата дека ќе ги намалиме давачките кај македонскиот народ. Што правиме? Со овој закон вака како што е предложен без поднесеникот амандман од СДСМ ќе ја удвостручиме давачката за комунална такса односно давачката за јавното улично осветлување кај граѓаните. Наместо 15 квтч., по броило по актуелна цена на чинење според тафиниот систем на Република Македонија со предложениот закон секое домаќинство ќе треба да издвојува по 25 квтч., а останатите потрошувачи во кои спаѓаат продавници, сервиси, и други на низок напон од 0,4 киловолти ќе треба да плаќаат по 50 квтч, по броило по цена на чинење на електричната енергија за тарифниот систем за кој тие плаќаат.

Потоа 10 киловолтните потрошувачи се поголемите производни капацитети и други ќе треба да плаќаат по сто киловат часови по броило, 35 киловодните потрошувачи кои во Република Македонија ги има многу малку, ќе треба да плаќаат по 150 кв. часови по броило и 110 киловолтните потрошувачи кои уште помалку ги има, ќе треба да наплаќаат по 300 кв. часови по броило.

Почитувани присутниод 600 илјади потрошувачи, од 6 илјади броила во Република Македонија, повеќе од 60% отпаѓа на домаќинствата. Повеќе од 60% отпаѓа на онаа категорија која ќе биде многу засегната со донесувањето на овој закон односно на категоријата на потрошувачи кои ќе треба наместо лани ова време плаќаа 45 денари по сметка, сега плаќаат по 58 денари по сметка заедно со манипулативните трошоци, а после донесувањето на овој закон ќе треба д аплаќаат околу 100 денари по сметка односно по белешка за струја.

Локалните самоуправи, градоначалниците, Владата го посакуваат овој закон, затоа што ќе им се зголеми сумата на пари. Меѓутоа, нашиот народ, граѓаните се длабоко против ваквото законско решение. Зошто? Затоа што бркнуваме во џебот на секој граѓанин и го удвостручуваме приносот за улично осветлување на секој од нив.

Јас би сакала накратко да се осврнам со досегашното законско решение колку пари се собираа и за што се трошеа тие пари. Најголем дел од општините во Република Македонија со домаќинско трошење на средствата собрани од комуналната такса за улично осветлување можеа да ги покриваат фактурите за потрошена електрична енергија, месечните фактури, се разбира со добра наплата, а сега наплатата во сите дистрибуции е одлична и им останувaа извесни средства за тековно одржување. Проблемот кој сите го слушаме деновиве е наталожениот проблем во градот Скопје. А,токму Скопје не би требало воопшто да има проблем со плаќањето на фактурата месечна за улично осветлување. Зошто? Скопје е населено место со концентрирана потрошувачка, односно Скопје има најголем број станбени згради со по 40, 50 и повеќе броила каде се собираат најголеми средства согласно вооj закон за наплата на уличното осветлување. Поради недомаќинско трошење на собраните средства во изминатиот период од општините во Скопје, убедена сум, бидејки во Скопје навистина според досегашната методологија се собираат многу повеќе средства одошто во другите градови каде нема концентрирани потрошувачи, каде што

населените места се претежно со индивидуални станбени објекти, каде има поголеми дворни места, како на пример помалите места Ресен, Радовиш и други. Проблемот таму со уличното осветлување би требало да биде таму, а не во Скопје. Во Скопје со наталожен долг на градот, според информациите од јавните гласила околу 2 милијони евра заостанати неплатени средства. Со промена на овој закон би се собирале месечно повеќе за 200 илјади скопски потрошувачи по околу 140 илјади евра. Колку месеци се потребни за да се стигне до овие 2 милиони евра, сума која ја должи градот Скопје. Тоа можеме сите да го пресметаме. Во моментов е потребно нашата Влада да најде друго соодветно решение за враќање на заостанатиот долг на градот Скопје. Нашата Влада троши средства, да потсетам, 2 милиони евра беа дадени од ЕЛЕМ за патот односно за израдба на патот преку Козјак браната за Поречието, 2 милиони евра беа дадени како донации, а можеа да се дадат на градот Скопје. Понатаму, 500 илјади евра во ЕЛЕМ беа потрошени за спонзорства и за реклами. Замислете бројка од која на луѓето и во поразвиениот свет им се дига косата на главата. 500 илјади евра за 5 месеци да потроши некој директор за да се рекламира, а тоа е јавно претпријатие, тоа е фирма монополска, која произведува струја и која ја продава, а струјата е дефицитарен производ, ја продава струјата на нашиот пазар, а троши средства за спонзорства и реклами. Нешто нечуено и невидено за целиот свет каде работите имаат нормален тек. Во Република Македонија веќе се е можно ова што гледаме што се случув аикако се случув аи како се трошат парите за спонзорства и реклами. Веројатно, 500 илјади евра потрошени во ЕЛЕМ се нешто во споредба со нашата Влада колку троши. Можел ЕЛЕМ тие 500 илјади евра да ги даде на градот Скопје, па жителите овде да не протестираат дека одат по темни улици, да помогнат во решавањето на овој проблем. Новите 18 милиони евра кои ќе ги даде нашата Влада на Џонскон Контрол за да изгради погон за вработување на 100 до 300 вработени, кои ќе имаат бенефити максимални, бидејќи ќе бидат во технолошки индустриско развојна зона кои ќе бидат ослободени од сите давачки на државата, повторно се нешто нелогично, без никаква смисла, а не се даваат за покривање на заостанатиот долг на уличното осветлување, туку се бара решението согласно овој закон да биде од џебот на граѓаните. Можеби и средствата кои, господине министер, ќе ги дадете за Џонсон Контрол, утре ќе ни предложите закон по 50 денари од секој потрошувач па да соберете така во текот на 6 месеци 18 милијони евра, за да се покрие таа ваша егзибиција.

Да се вратам на законот. Значи, ова претставува нова давачка за граѓаните на Република Македонија безобразно предложена од нашата Влада и најверојатно изгласана на денешниот Парламент. Со ова наместо сегашните 53,50 денари по броило, секој граѓанин ќе треба да плаќа по околу 100 денари по броило. Ќе се полнеле буџетите на единиците на локална самоуправа. Па, можете да ставите која ви е математиката, која е пресметката и како дојдовте токму до овие 25 киловати по броило. Можевте да ставите и 50 киловат часови по броило, па да се полнат по 200 денари од секој потрошувач да земате, па уште повеќе да се полнат буџетите на локалните самоуправи. Решението не ви е добро, посебно во делот каде се зголемува давачката на домаќинствата. Мислам дека нашата Влада ќе има доблест и предлагачот заменик министер да го прифати амандманот на СДСМ, за кој ќе зборуваме подоцна со кој повторно ја доведуваме на исто ниво давачката на домаќинствата односно давачката за комунална такса која се користи за уличното осветлување на домаќинствата низ Република Македонија.

Можеби мислевте дека ова се многу мали средства, можеби мислите дека ништо не претставува за граѓаните дали би плаќале 50 или 100 денари дека е ситница и дека луѓето не би реагирале. Меѓутоа, сакам да ви кажам за повеќе примери за времето кога работев во Дистрибуција. Сакам да ви кажам дека имаше многу потрошувачи, многу домаќинства чија сметка за потрошена електрична енергија беше само малку поголема од давачката за улично осветлување. Имаше многу домаќинства кои се жалеа и на висината на оваа давачка, а сега со зголемувањето каква ќе биде нивната реакција. Имаше домаќинства чија такса, чија белешка изнесуваше само по 50 денари, господин заменик министре. Луѓе кои се на работ на егзистенцијата, луѓе кои едвај врзуваат крај со крај, а камо ли да можат да прифатат зголемување на нивните белешки за струја по цели 50 денари, заради тоа што Владата мисли дека на тој начин ќе се обезбедат поголеми средства во општините за плаќање на фактурата за потрошена електрична енергија. Јас би ве запрашала дали имате некоја пресметка, дали имате некјоја методологија, колкулација како дојдовте токму до овие износи. На кој начин утврдивте дека токму 25-те киловат часови ќе бидат доволни за санирање на проблемот со заостанатите сметки за потрошена електрична енергија во локалните самоуправи. На кој начин дојдовте дека токму 50-те киловат часови од трговските друштва и занаетчии или 100-те киловат часови од киловатните потрошувачи или 150 од 35 киловолтните часови или 300 киловат часови од 110 киловолтните потрошувачи се токму вистинската вредност.

Очекувам да ни одговорите на моето прашање, очекувам да ја известите македонската јавност зошто се зголемува оваа такса за улично осветлување, оваа комунална такса на плеќите на македонските граѓани. Очекувам парламентарното мнозинство да објасни зошто не постапуваат по ветеното во нивната програма од 100 чекори, зошто не одат кон намалување на даноците, туку од ден на ден, на денешната седница веќе слушате сите, ова е трет закон со кој се зголемуваат давачките, даноците кај

нашите граѓани. Можеби вечерва ќе слушнеме прес конференција од владиниот потпарол или од Владата каде ќе објаснат дека денес Собранието покачи три јавни давачки кај нашите граѓасни, административна такса, комунална такса и дека на тој начин во Македонија ќе се донесат повеќе инвестиции. Или кое ќе биде образложението за зголемувањето на овие такси. Нашите луѓе следат, нашите луѓе разбираат за што се работи, нашите луѓе се свесни дека со сето ова ќе биде од нивниот џеб, на нивна штета и всушност дека ги излажавте. Тврдењето дека голем дел од општините имаат заостанати долгови со години station, поради што е нужна потребата да им се помогне на овој начин, не пие вода. Тврдењето дека голем дел од општините имаат заостанати долгови значи дека треба да најде нашата Влада во ребалансот на Буџетот,кој е на дневен ред наредната недела, извори на средства од кои ќе се вратат овие заостанати долгови. Наместо да се дадат на Џонсон Контрол 18 милијони евра, наместо да се гради музеј на восочни фигури Мадам Тисо или какоќе се нарече овде во Скопје, дајте покријте ги средствата на општините, не зафаќајте од џебот на граѓаните. Нашите луѓе не се толку богати секој ден се повеќе и повеќе средства им собира Владата за демек нивни обврски.

Благодарам на можноста да го искажам моето мислење, меѓуто не гледам дека претставникот на Министерството за финансии се приајвил за дискусија и дека ќе образложи на кој начин, по која методологија дојдоа токму до овие износи на зголемување на давачките за комунална такса.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филипова.

Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Кога сме веќе кај претставниците на Министерството за финансии, многу интересна ситуација како кога на дневен ред во Собранието имаме точки каде што се зголемуваат даноците, таксите, давачките на граѓаните, па доаѓа некој вториот или третиот ешалон на Министерството, а министерот Трајко  Славески го нема никаде. Се чудам како нашата реформски ориентирана Валда која прави економски препород во државата со нови вработувања и странски инвестиции не може да најде пари за уличноосветлување во главниот град. Затоа мораше да предложи еден ваков закон со кој ќе удри поџебот на граѓаните и да ги зголеми комуналните такси за плаќањето на укичното осветлување. Исто така, многу ме чуди коге една многу реформска Влада прави економски бум во државата на седница на Собрание како 4 точки една по труфа предлага закони за даноци, за зголемување на даноците на имот, за зголемување на административните такси за кои точки говоревме претходно на оваа седница, сега за комуналните такси, а наредната точка е измени на Законот за јавни набавки, каде што Владата си го зголемува цензусот и просторот за непосредни склучувања на договори преку непосредни спогодби во  четири очи за јавни набавки од сегашните 3 на 5 илјади евра. Но, за тоа ќе видиме подоцна. Мене ме чуди како нашава економски ориентирана Влада која беспрекорно ја спроведува програмата во 100 чекори за економски препород на Македонија, како не и текна во организирањето на нејзиниот пијар или односи маркетинг со јавноста, по повод на денешнава точка на дневен ред за зголемување на комуналните такси и административните такси,не излезе не се натопори во Владата со сите 20 министри, потпретседатели, заменици, со портпаролите и таму премиерот да црта на таблите и да ги фрла таблите како на прес конференциите кога се фалеше дека ги намалува даноците. Значи, зошто ако мислите дека ова е добра мерка и дека е добро решение, едноставно во ваш маркетиншки стил не дадете пари на некоја маргентишка агенција да ви организира еден убав прес, една убава приредба, манифестација, каде штопремиерот ќе се пофали дека за 100% го зголемува комуналните давачки на граѓаните за јавното осветлување. Значи, ни повеќе ни помалку 100%, дупло граѓаните ќе плаќаат по одлука на оваа Влада повеќе електрична енергија за јавното осветлување. Притоа, не гледаме некоја оправданост или некое конкретно образложение зошто тој износ е токму 100% зголемен, зошто е дупло, зошто не е на пример тродупло, за 200%, за да има Владата повеќе пари. Кој е крајниот корисник односно јас би реколкој е крајниот губитник од ваквите политики, од ваквите решенија на Владата. Каде е сега економската програма на Владата, изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ во 100 чекори, кој чекор е ова по ред и т.н.

Дали во иднина Владата кога ќе прави анкети за својот рејтинг ќе ги поставува и овие прашања, што на пример граѓаните сметаат за зголемувањето на за 100% комуналните такси, или претходно за даноците на имот и административните такси. Значи нема повеќе табли со проценти и бројки кои премиерот фрла на земја за да прикаже дека даноцитае паѓаат. Сега Владата се справува со проблеми како да ги пополни тие дупки од нејзините непромислени популистички и краткорочни политики.

Ако веќе ја централизиравте локалната самоуправа со Законот за рамномерен регионален развој, со Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, зошто тогаш удирате по џебот на граѓаните и од нив барате да ви го решаваат проблемот со тоа што дупло им ги зголемувате таксите и давачките, кога не одвојувавте доволно средства ни од општествениот производ, ни од ДДВ што СДСМ бараше за финансирање на локалната самоуправа за да можат поефикасно да се намируваат овие комунални обврски. Баравме, при донесувањето на Буџетот овој износ од 1% да биде на 2% и за финансирањето на единиците на локална самоуправа, при донесувањето на тој

закон исто така имавме амандмани. За висината на ДДВ баравме од 3 на 4,5% да се зголеми. Ништо не прифативте.

Кога веќе имате таков однос, кога не сакате да ги дадете државните пари, а велите дека правите реформа на локалната самоуправа и дека и помагате, а всушност си ги задржувате главните ингеренции на централната власт, тогаш вие плаќајте им ги сметките на општините за улично осветлување, кога не сакавте тогаш да им ги дадете парите. Немојте сега вашата неспособност да ги менаџирате овие работи, да ја прикажувате како реформа затоа што носите закон и со тоа ќе им земете пари на граѓаните и со тоа ќе ги платите заостанатите сметки за улично осветлување. Тоа е заслуга на граѓаните. Граѓаните тоа го плаќаат од џебот, нема да го платите вие од вашите плати. Значи не е тоа заслуга на Владата, заслугата е на граѓаните. Крајниот губитник, со оваа Влада, се граѓаните. Значи вие не сте способни да плаќате, да обезбедите средства за плаќање на улично осветлување во општините, во градот Скопје итн, а велите дека на пример ќе сте граделе облакодери, сто катници во Скопје. Па како ќе ги плаќате сметките, кој ќе ги плаќа сметките за струја ако влезете во една таква авантура за градење на такви стокатници, облакодери. Вие не можете да ги платите за чистење на прозорите на тие згради, а камо ли струјата да ја платите. Затоа со таков популизам, со таква демагогија можете да си се лажете самите себе, не можете да си играте со сите нас, да не правите недоветни и уште згора на тоа министерот Трајко Славески да кажува, сега не можам да му ја точна парафразирам изјавата, ги немам стенографските белешки, дека психолошко олеснување ќе било за граѓаните кога ќе си ги плателе даноците. Веројатно кога граѓаните ќе ги платат и овие повисоки комунални такси, уште поубаво ќе им биде на граѓаните, според министерот. Значи, во услови кога Владата знае каква е економската ситуација на граѓаните, какви се просечните примања, каква е редовноста на платите кои ги примаат граѓаните, како мисли да ги наплати овие комунални такси кога граѓаните одвај, не по своја вина, кубурат да ги платат и основните комунални сметки за вода, за струја, за телефон итн., па уште сега за 100% повеќе и за уличното осветлување вие ќе им наплатите и колку ќе ви биде остварлива оваа мерка, колку реално ќе можете да ги наплатите. Значи му ги опростивте, директно премиерот го амнестира и го помилува директорот на ЕЛЕМ, Чинговски за 500 илјади евра ненаменски потрошени средства за рекламирање, а не прашувате колку работи и колку сметки за улично осветлување можат во колку општини и во Скопје да се платат со тие 500 илјади евра, што се разбира ќе биде многу понаменски отколку начинот на кој ги потроши Чинговски парите од ЕЛЕМ и после граѓаните ќе плаќаат по 50 денари повеќе секој месец, а Чинговски на секои 5 месеци ќе си троши по 500 илјади евра и притоа уште ќе биде виновен надзорниот одбор затоа што ја кажал таа информација. Значи ако сакате да им помогнете на граѓаните, бидејќи вие како Влада имате обврска да се грижите за тоа, земете пари и тие 50 денари што мислите дека недостасуваат, платете ги од вашиот централен буџет, еве сега ќе имаме ребаланс на Буџетот, наредната седница и таму ќе имате можност и вие како Влада и пратениците од парламентарното мнозинство да си предложите самите амандмани за пренамена на средства од некои ставки за луксузирање или за некои не толку суштествени потреби, за трошење на Владата, за репрезентации, за спонзорства, за рекламни кампањи, за купување на мебел и автомобили и тие пари да ги намените за плаќање на уличното осветлување и од тоа да ги ослободите граѓаните, а не тоа да биде на нивната сметка. Значи од една страна ја централизирате локалната самоуправа, си ги приграбувате за себе како Влада, сите ингеренции, а велите дека правите реформи. Тоа не се реформи. Тоа е чист закон кој директно го погодува животниот стандард и е на штета на сите граѓани на Република Македонија. На крајот ве повикувам да се откажете од ваквите решенија во законот, да се обидете заедно со опозицијата и амандманите кои ги поднесовме, да направите дополнителни проценки и да направите компромис, да ја измените одлуката за на ваков начин финансиски да не оптоварувате граѓаните на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на тоа што моите колеги го кажаа нашето видување по овој закон, јас ќе бидам исклучително краток, меѓутоа неколку поенти сакам да назначам.

Прво, станува јасно дека Владата врши залажување на јавноста со фактот дека се фали со намалување на даноците. Тој факт се топи како восок на секоја парментарна седница, со секој закон, без разлика дали тоа граѓаните ќе го перцепираат на начин кој треба, или не. На крајот на краиштата, што се однесува до мене, мислам дека кога ќе биде и нивни личен проблем, дали можат да перцепираат што се случува во сферата на даноците.

Кога ќе го погледнеме денешниот дневен ред на седницата, што ќе видиме? Првата точка што помина беше даноци на имот. Се зголемија даноците. Втората точка, законот за административни такси. Се зголемија административните такси. Третата точка е закон за комунални такси. Се зголемуваат комуналните такси. И петтата точка која следува после овие, е Закон за измени на Законот за јавни набавки, со кој се олеснуваат начините на кои Владата ги троши парите што претходно ги собира односно контролата на јавните набавки се олабавува.

Со право можам да заклучам дека Владата од една страна зафаќа се поголеми средства, но 18

јули ќе го видиме како изгледа тоа кај Буџетот, со огромни зафаќања, тоа го кажа и еден од нашите колеги. Растот на расходната страна на Буџетот веќе за дупло го надминува номиналниот раст, дури и на проектираниот БДП, ќе видиме колку ќе биде остварениот. Тоа значи дека зголемувањето на јавната потрошувачка галопира во Република Македонија во нагорен правец. Владата се обидуваше да го фати односно да го намалува во граници но очигледно е дека нема да успеа односно очигледно е веќе не успева.

Второ, мене ми е жал што министерот Трајко Славески не е присутен по кој знае кој пат кога се расправа за точки од дневниот ред на собраниската седнива, или е присутен само ако има некој закон со кој сака да соопшти нешто популарно за јавноста.

Нека не ми замери господинот Трпески како заменик, неговата функција сепак не е уставна, таа е со закон одредена, за разлика од функцијата министер која со Устав е определена.

Јас би сакал да го гледам министерот за финансии почесто да доаѓа во Парламентот и да ги образлага законите со кои го зголемува оданочувањето во Република Македонија. Меѓутоа мислам дека, кога со зафатеност, а кога свесно господинот Трајко Славески избегнува парламентарна расправа затоа што прво нема доволно аргументи, а второ се доведуваме во позиција различните претставници на Владата и од исто министерство соопштуваат различни работи за тоа што се случува. Јас ќе наведам три примери.

Прво, министерот Трајко Славески на првата седница не соопштуваше дека се зголемуваат даноците и за тоа постојат стенографски белешки, бидејќи тоа како што вие кажувате сами е четврто продолжение. Значи, кажуваше дека не се зголемуваат даноците. После господинот Илија Димовски од ВМРО-ДПМНЕ, пратеникот, соопшти дека даноците не се зголемуваат туку дека овие даноци и претходно постоеле, небулоза која е својствена за да се замајува јавноста. Даноците секако дека постојат, само е различно зафаќањето за нив.

Господинот Трпески на минатата седница кажа спротивен став и објаснуваше, во стенографските белешки тоа стои зошто тоа е потребно, за потоа кога дојде еднаш министерот за финансии да поседи пола час и пак да напушти, соопшти дека зголемувањето на даноците било потребно и тој се залага за тоа. Значи го промени ставот од првата седница, меѓутоа ја прекинаа седницата, не можевме за тоа да дебатираме. Значи на секоја седница имаме различен став што се случува, само заради фактот дека Владата не е подготвена да се соочи, да излезе на говорницата и да каже од овие и овие причини ние ги зголемуваме даноците. Постојано сака да отклонува дека тие се намалуваат. Тие не се намалуваат.

Нема да го повторувам тоа што го кажаа колегите тука, меѓутоа изведов една елементарна математика во услови кога Владата ни доставува зафаќања кои вредат милиони евра, повторувам милиони евра годишно, со образложение кое, верувале или не, изнесува третина страничка. Еве јас ќе ви соопштам некои од математиките што вие бевте должни да ги соопштита на Парламентот и на јавноста.

Во Република Македонија има 600 илјади потрошувачи на електрична енергија или едноставно кажано 600 илјади електрични броила. Од нив 60% или 360 илјади броила се сопственост на физички лица односно на граѓани, а 240 илјади броила се сопственост на правни лица односно тоа што во законот вие сега го кажувате, како трговски друштва и занаетчии, правни лица.

Зголемувањето на потрошувачката односно зголемувањето на оданочувањето за потрошувачка на електрична енергија кај 360 илјади домаќинства се зголемува по 10 кв. месечно. Без разлика колку трошиме, без разлика колку ни се осветлуваат односно не ни се осветлуваат улиците на пример во Скопје, ние сме должни месечно да плаќаме по 10 кв. повеќе на броило. 360 илјади броила по 10 кв. се 3,6 милиони квтч. Електрична енергија што граѓаните на Република Македонија, со овој закон од сега ќе го плаќаат на месечно ниво.

Кај потрошувачите кои се правни лица, скалата е 50 кв., 100 кв., 150 кв. и 300 кв. Со оглед дека нема аналитика овде, јас ја земав средната вредност пондерирана, поблиска до помалата, иако аритметички од 50 до 300 е повеќе, јас земав 100 затоа што има поголем број на мали претпријатија. Кај 240 илјади броила потрошувачката ќе се зголеми за 10 кв. месечно односно ќе се зголеми оданочувањето со комуналната такса за 100 кв. месечно односно 240 илјади броила по 100 кв. месечно се 24 милиони кв. месечно претпријатијата ќе плаќаат повеќе за истото осветлување што го имаат. Сакам уште еднаш да ги поздравам господата Бранко Азески и Венко Глигоров и да ги потсетам да продолжат со здушната поддршка што во името на стоите членови, им ја даваат на министрите од Владата. Тоа ќе си го платат тие односно нивните членови.

Значи 24 милиони квтч. Трговските друштва и 3,5 квтч физичките лица, месечно, се 27,5 милиони квтч месечно. Со оглед дека годината има 12 месеци, граѓаните на Република Македонија, почнувајќи од денес со изгласувањето на овој закон, 12 по 27,5 ќе плаќаат фантастични 330 милиони квтч електрична енергија повеќе на државата, без да добијат поголема услуга. 330 милиони квтч споредете ги со производството на Република Македонија што е 6 милијарди квтч годишно на струја, плус 2,5 милијарди увоз. Околу 8,5-9 милијарди квтч трошиме а произведуваме шест.

Јас се обидов да направам една споредба што ова значи.

Хирдоелектраната Матка 1 кај Скопје, што е првата централа во Македонија, годишно произведува 20 милиони квтч, повторувам, годишно произведува 20 милиони квтч господин Трајко Славески, а вие со ова ги оданочувате граѓаните со нови 330 милиони квтч годишно. Значи дека 15 централи како Матка 1 крај Скопје ќе произведуваат струја во полн капацитет со парите што ги зафаќате со овој данок, со овој закон што денес треба да се донесе. И на тоа вашиот одговор е молк. Одговорот на тоа на господинот Груевски кој е потпишан на писмото овде со кое ни го предлага законот е молк, на тоа заменикот не сака да се јави да образложи, а господинот министер не сака да дојде, а пратениците од владеачкото мнозинство ќе го изгласаат пошто совршени ми е јасно дека нема да се откажат од тоа. Е па господа пратеници и господа граѓани со овој закон 15 капацитети како Матка 1 крај Скопје плус данок за потрошувачка на електрична енергија што нема да ја трошите во вашите домови, што нема да ја трошите во вашите правни субјекти во фабрики, занаетчиски дуќани, продавници и производство, туку ќе ја плаќате на Владата во јавна потрошувачка за таа да размислува како да ги осветли улиците. Со оглед дека капацитетот не е толку загрозен колку што Владата овде го препорачува совршено јасно станува дека овие 330 милиони ќе треба да испумпаат од буџетите пари наместо да се плаќаат за тоа за нешто друго односно да си се зголемуваат непродуктивните трошоци. И тоа ќе го овозможите со наредната точка на дневен ред, нови форми на јавни набавки, полесни форми на јавни набавки, повисок ценсус на непосредни спогодби, повеќе вработувања на братучеди, на дечковци, на ќерки итн. Јас ви препорачува да продолжите по овој пат затоа што единствено така може на луѓето да им стане јасно каде всушност води оваа политика. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Поповски.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Конечно дојдовме да разговараме и до последниот закон со кој што им се воведува нова давачка на граѓаните на Република Македонија, или е нова давачка и да не биде на исто продолжение на една седница, веројатно за тоа требаше еден подолг период да помине во Собранието на Република Македонија и да не биде на истото продолжение на една седница, туку неколку пати да се одлага, меѓутоа денеска конечно разговараме за овој закон, за ова покачување на комуналната такса на уличното осветлување, што ќе се донесе со изменување на Законот за комуналните такси.

И досегашните закони, како што беше законот за имот кога расправавме на Собранието укажувавме на тоа дека се зголемуваат или се воведува данокот на имот за одредени категории, за кои што досега не бил и не се наплаќал, пред се и за стопански неразвиените подрачја, меѓутоа тоа ќе има важност од 01.01.2008 година, па дури тогаш ќе ги видат ефектите граѓаните на Република Македонија од таквото изменување на законот, кој што парламентарното мнозинство го покажа и го одобри во Собранието на Република Македонија.

Сега на дневен ред го имаме законот за комуанлни такси со скоро никакво образложение, или многу мало образложение. Тоа е се во манирот на настапувањето на Владата кога траба и за одредени фиктивни намалувања кои што добро ги претставувате на јавноста се прават фешти во Владата на Република Македонија со сите министри за премиерот за да им кажете на граѓаните колку многу ќе им помогнете во олеснувањето на плаќањето на давачките и дека веќе од следниот минут после таквото објавување граѓаните ќе живеат подобро. Меѓутоа, гледам дека не е таков случајот и денес кога се донесува законот за комунални такси, кога се зголемува комуналнтата такса за уличното осветлување, кога овој ефект ќе го почуствуваат многу брзо граѓаните на Република Македонија тогаш гледаме дека и министерот Трајко Славески не е тука за да го брани овој закон пред Собранието на Република Македонија, го праќа претставник заменик министерот за финансии да образложува, што верувајте чинам дека му е тешка обврска заради тоа што ова не е социјалдемократска предност освен ако не е нова социјалдемократска вредност.

Од тие причини мислам дека не е добро да инсистираме, или колку да инстистираме нема аргументи во делот на причинте за што се донесува овој закон во Собранието на Република Македонија. Сега нема аргументи од едноставна причина што и образложенијата што ги слушнавме од заменикот министер и од она што е дадено во текстот на законот, образложенијата кои што одеа на работните тела на Собранието беа дека едноставано на таков начин ќе се помогне локалната самоуправа за сервисирање токму на овој дел на одржувањето на уличното осветлување.

Како и за другите даноци, кога говоревме за данокот на имот при воведувањето на нов имот во стопански недоволно развиените подрачја, руралните средини, каде што сега го ведовме овој данок на имот, кој што досега не се плаќал, или на стопанските капацитети исто како аргумент се користеше помагањето на локалната самоуправа, помагањето на процесот за децентрализација да овозможиме да се зголеми Буџетот на локалните самоуправи за да можат да ги сервисираат и задоволат потребите на граѓаните. Тоа ќе беше така ако претходно не не убедуваа при расправа за еден друг предлог, тоа е при измена на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа дека локалните самоуправи имаат доволно средства за сопствено функционирање, дека имаат средства успешно да го спроведат процесот на

децентрализација дека со механизмите кои што им се дадени со законски решенија, па се набројуваат законските решенија за занаетичиство, за минерални суровини итн, дека тука лежат приходите на локалната самоуправа, нема потреба од измена на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Нема потреба на зафаќање на нов дел од законот за персонален данок, нема потреба од нов процент зафаќање на данокот на додадена вредност и на тој начин ќе може да опстојуваат месец дена подоцна, или ако ги сметаме овие два месеци колку што ја влечеме постапката во Собранието толку многу Владата се загрижи за функционирањето на локалната самоуправа, дека нема доволно средства сега во одредени сегменти да ги сервисира потребите на граѓаните. Тоа е само потврдување на она што опозицијата, СДСМ го говоревме во Собранието пред граѓаните на Република Македонија дека моментално процесот на децентрализација е во прашање, сериозно се нарушува со тоа што одредени законски проекти кои што се нудат не беа прифатени од страна на Владата без некакви посебни аргументи.

Во овој закон единствено добро е тоа што се усогласува со законот за прекршоци, што можеше да се направи, инаку вториот член кој што се однесува на зголемувањата на надоместокот на граѓаните за улично осветлување јас сум против и затоа ќе гласам против овој закон, заради тоа што нема ништо да придонесеме во подобрување на состојбите во делот на уличното осветлување од страна на локалната самоуправа, туку напротив само ќе ги оптовариме граѓаните со дополнителна давачка или зголемувањата на постојната давачка скоро 100% од она што го плаќаат во моментот.

Тоа може овде да го негира и заменик министерот, министерот, Владата, потпаролот на Владата да излезе да каже, може да го негираат и парламентарното мнозинство меѓутоа сето тоа многу кратко ќе трае. Ќе трае се до наредниот месец кога ќе стигнат сметките за електрична енергија кај граѓаните на Република Македонија. Тогаш секој од граѓаните, еве една сметка во која што стои колку е надоместокот за улично осветлување, 53,50%. Следниот месец на сите граѓани, а во Република Македонија имаме околу 600 илјади потрошувачи на електрична енегрија овој износ во сметката за електрична енергија ќе биде зголемен. Наредниот месец сите граѓани на Република Македонија наместо 53,50 ќе плаќаат 98,50 денари надомест за улично осветлување. И тоа веројатно е дел од реформите, дел од стоте чекори добри за граѓаните на Република Македонија. Точно е, тоа е и дел од животот во време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е факт, со тоа мора сите да се сложиме и тоа најмногу, најмногу го чувствуваат граѓаните на Република Македонија. Исто како што го чувствуваат во периодот 1998-2002 година, само сега малку подрастично, посилно од тој период и заради тоа мислам дека нема да бидат многу одушевени кога ќе имаме зголемување на оваа сметка за електрична енергија со самото тоа што се зголемува надоместокот за комуналната такса.

Загриженоста не можам да ја сфатам на Владата за локалната самоуправа во овој период, а не наоѓа начин како да се помогне на одредени општини па и на градот Скопје кој што има и имал проблеми, дали се објективни, или субјективни во наплата на таксата за потрошена електрична енергија не сакаа да најдат одредени решенија, па и се случи тоа во Скопје да останат улиците темни. Веројатно ВМРО-ДПМНЕ смета дека, би сакале да покажат дека под нивно владеење може и романтично да се живее во Република Македонија. Веројатно тоа ќе го направат и одредени други градови во Република Македонија.

Со вакво покачување на комуналната такса за улично осветлување јас тврдам дека нема да се подобри состојбата со уличното осветлување во Република Македонија, голема корист нема да имаат ниту општините заради тоа што сумата која што сега ја добиваат од страна на ЕВН како наплата на електрична енергија, зависно од процентот, ЕВН ги покрива трошоците, или некаде не ги покрива трошоците за потрошена електрична енергија за уличното осветлување. Со тоа покачување кое што ќе биде на грбот на граѓаните на Република Македонија ќе се овозможи да се затвори тој дел додека делот за тековно одржување на електричната мрежа од страна на локалната самоуправа пак нема да биде задоволено. Ќе мора да се бараат дополнителни механизми како и на кој начин локалната самоуправа тоа да го сервисира во Република Македонија.

Имаше многубројни примери во Република Македонија како и на кој начин се трошат парите на граѓаните, како одредени средства од јавни претпријатија се поклонуваат на други јавни претпријатија, се трошат безмилосно на разни кампањи, меѓутоа, за се можеме да дадеме средства, не можеме да дадеме да сервисираме она што значи надомест за улично осветлување, туку тоа мора граѓаните сами да си го сервисираат со тоа што ќе се зголеми цента на оваа комунална такса**.** Мислам дека овој приод кој што го има Владата на Република Македонија апсолутно е непотребен и неочекуван, не го посакува ниту еден од граѓаните на Република Македонија како што не го посакува ниту делот, воведување даноци на имот. Па макар и според филозовијата на министерот дека психолошки ќе се растеретат и мислам дека дополнително сите граѓани во Република Македонија психолошки ќе ги оптеретите со тоа што на секоја сметка за електрична енергија од идниот месец веќе ќе им додадете плус 40 денари од она што до сега го плаќале и ќе им го намалиме и така малиот буџет кој што го има граѓаните во Република Македонија. Нема да може да си ги покријат трошоците сите оние што бараат, очекував дека ќе имате доблест да најдеме начин како да го донсеме законот за стечајците, за оние кои што 4

месеци се пред Собранието да можат да овозможат некаква егзистенција сопствена, меѓутоа тоа не е ваш приоритет господо од ВМРО-ДПМНЕ, ваш приоритет е да можете што повеќе закони да донесете со кои што ќе им ги зголемите давачките на граѓаните на Република Македонија. Тоа не е прв пат. Ова е веќе трет или четврт закон по ред во кој што воведувате давачки или ги зголемувате постојните. Меѓутоа ефектот ќе биде прв од овој закон. Веќе од наредниот месец мислам дека многу подоблесно ќе беше да излезе Владата со еден план во кој што ќе каже како и на кој начин би ги покрила трошоците на локалните самоуправи што не може да ги сервисираат овие потреби или имаат заостанати долгови по основ на потрошена електрична енергија отколку да ја зголемите таксата и на тој начин да имате ефект кој што нема да биде подобрување на квалитетот на услугата која што ќе ја примат граѓаните на Република Македонија. Апсолутно нема да биде подобрување на квалитетот на услугата. Тоа ќе се уверите самите вие, меѓутоа апсолутно сум песимист во тоа дека овие аргументи, а еден од најсилните аргументи е тоа дека граѓаните ќе имаат поголема сметка за електрична енергија плус 40 денари од она што го имаат денеска ќе може да ве убеди вас од ВМРО-ДПМНЕ да гласате против овој закон, заради тоа што навистина нема потреба и штом е така продолжете слепо терајте си ја политиката на Владата и на премиерот Груевски, а после тоа ќе можете и ќе имате шанса да им објасните на граѓаните на Република Македонија која беше таа ваша програма “во сто чекори” за преродба со која што им ги зголемивте давачките на граѓаните на Република Македонија и им овозможите да живеат многу полошо од она што живееле досега. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Навистина и јас морам да го искажам моето жалење на почетокот што министерот Трајко Славески не е присутен на оваа седница, затоа што очигледно според неговата медицинско-научна терорија за психолошкото задоволство со испитувањата на неФроните на мозокот кога се зголемуваат даноците кои што го чувствуваат народот, денеска навистина Трајко Славески како дел од Владата на ВМРО-ДПМНЕ предводена од Никола Груевски на граѓаните им пружи невидено психолошко задоволство дури доведено до екстаза. Зошто е така? Затоа што погледнете го дневниот ред и ќе ви биде сосема јасно. Се зголемуваат даноците, се зголемуваат административните такси и сега во овој момент ни малку ни повеќе за 100% почитувани колеги пратеници, почитувани граѓани на Република Македонија, се извинувам ако не можам да го разберам вашето психолошко задоволство што ќе плаќате 100 % зголемени комунални такси. Меѓутоа да бидеме реални. На овој народ доста му е од зголемување на даноците, доста му е од воведување на нови административни такси па и комунални такси зошто и навистина и без нив не знае како да состави крај со крај и како да го помине денот, а не месецот.

Почитувани колеги пратеници од парламентарното мнозинство се надевам дека овој пат ќе кажете не за овој закон, затоа што ова реков веќе е еден од последователните закони кои што денеска ги носиме и само му го отежнуваат животот на граѓаните. Сега ми е јасно зошто беше целокупната онаа фарса и игра помеѓу градоначалникот и министерот за финансии со уличното осветлување во Скопје, зошто после тоа значи од кога пред две години цело Скопје стана ВМРО-вски град сега потона во ВМРО-вски мрак. И сега се прашувам каде е “Гласот на Светлината” почитувани колеги пратеници. Каде е “Гласот на Светлината”? Јас ќе ви кажам сите се на многу добри функции, оние што ги блокираа граѓаните со денови, да да има врска како нема, што не им дозволуваа да си ги завршуваат своите потребштини секојдневни, без разлика од кој вид се, сега почитувани граѓани тие се сместени во удобни фотељи и тоа на места за кои што неаат соодветно образование. Ова го кажувам со полна морална одговорност. Значи, и ако е Скопје во мрак, го немаме сега “Гласот на Светлината” да излезе и да ги брани граѓаните.

Почитувани колеги пратеници, со зголемувањето на комуналните такси за уличното осветлување, колегата Никола Поповски направи една добра анализа што тоа значи во киловат часови споредувајќи и тоа колку произведува една хидроцентрала. За да бидеме појасни јас ќе ви објаснам можеби поедноставно што тоа значи во денари или ако за да биде по едноставно можеби и во евра.

Почитувани колеги пратеници, почитувани граѓани, со овој закон ќе се собираат ни малку ни повеќе туку 700-тини милиони денари или поточно кажано на годишно ниво ќе се собираат 17,5 милиони евра.

Значи, домаќинствата со покачувањето на комуналната такса ќе даваат, можеби за некој незначителни, но за некој многу значителни средства, притоа ќе се одлеваат парите и ќе се полни Буџетот. Притоа нема да знаеме каде тие пари се трошат, ќе се прават нови ребаланси на буџетите, како овој што го имаме, што ни малку е реформски и парите ќе се наменуваат наместо онаму каде се најнеопходни, ќе се наменуваат за градење на музеи по угледот на Мадам Тисо со восочни фигури, за куполи на Собранието, за градење на 2,5 илјади м2 музеј за жртвите на комунизмот, за реплики на театарот, за реплики на офицерскиот дом.

Почитувани пратеници, вистината е малку поинаква во Република Македонија. Апсолутно немам ништо против да се гради, но, прво, би

сакала да посветиме на тоа да го почитуваме она што го имаме како културното наследство така и нешто уште поскапо, поскапоцено, а тоа е животот на граѓаните. Животот на граѓаните од ден на ден станув се потежок. И без овие денешни давачки и такси кои му се наметнуваат сеуште многу тешко се живее во Република Македонија. Од ден на ден граѓаните живеат се потешко.

Се надевам дека ќе соберете сили, одважност и храброст овој пат да му кажете не на министерот за финансии и граѓаните да ги поштедите од новите давачки односно новите комунални такси. Овој закон воопшто не ни е неопходен и немојте да ги залажувате дека со носењето на овој закон ќе се реши проблемот со осветлување на Скопје. Проблемот беше вештачки наметнат за да се подготват граѓаните што побезболно да го поднесат воведувањето односно покачувањето на комуналните такси од скоро 100%.

Со ништо нема да имаат подобра услуга, поквалитетна услуга, се ќе остане исто само со тоа што тие ќе бидат посиромашни, а Владата на Република Македонија ќе има повеќе средства за трошење за своите потреби почнувајќи, како што некој кажа, од уредување на кабинетите на министрите, па завршувајќи со градењето на апсолутно непотребни работи во овој момент за граѓаните на Република Македонија.

Уште еднаш, сосема на крај, се обраќам до заменик министерот иако знам дека тој ја нема таа можност, но можеби ќе дојде и министерот за финансии и ќе има доблест да го повлече овој закон од собраниската процедура или можеби да гласаме за донесување на овој закон односно потребата од донесување на ваков закон, а потоа со измени каде нема да се оптоваруваат граѓаните со нови давачки, да ни достави еден поинаков закон. Во спротивно вашите заложби од Програмата во 100 чекори, навистина остануваат само на хартија затоа што денеска се сопнавте на сите четири чекори со овие закони. Ако вака се продолжи најголемите последици ќе ги почувствуваат граѓаните на Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Господинот Грозданов се јави за реплика, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Пред се би сакал една забелешка кон вас затоа што деловнички имавте право да реагирате и мислам дека требаше да реагирате во смисла на изнесеното околу министерот за финансии. Министерот Трајко Славески е еден од министрите кои се најчесто присутни во салата. Во дадениот момент е оправдано отсутен, се наоѓа на Влада, не може да присуствува, затоа има свој претставник. Ве молам вонегово отсуство да не го повикувате, туку едноставно говорете во однос на Предлогот на закон.

Она што сакам да кажам е дали ја загрижува фактот госпоѓата Топузова на зголемувањето на цената затоа што можеби има два или три стана, па ќе треба на две или три сметки да плаќа осветлување. Или можеби загрижува фактот дека сите набавки кои се вршеа во минатото, сега ќе се вршат, а и во иднина, ќе се вршат во осветлени простории така што хируршките материјали, тие нема да завршат на ѓубриште како што завршија во периодот од 2002 до 2004 година каде и самата знае некој од нејзиното семејство беше потписник на тие работи.

Би сакал да напомнам дека не треба да дозволиме да се повикуваме на нешто што воопшто не држи вода. Не треба да се повикуваме на министерот Трајко Славески кој е отсутен, оправдано, а имаме претставник. Јас не знам која беше логиката на излегувањето и земањето на збор кога воопшто не се задржа на Предлогот на законот, поточно на зголемувањето на комуналната такса.

На крајот на краиштата дали сакаме да имаме град како што беше Скопје една вечер со прекин на електрична енергија само градското осветлувње во даден временмски период и беше општ хаос и темница или треба да имаме метропола која треба да биде осветлена. Дали е голема ставка на зголемување или мала тоа ќе го кажат граѓаните. На крајот на краиштата знаеме дека само добро осветлен град ќе има подобра безбедност и ќе има подобро чувство за живот во таа средина од каде самите граѓани доаѓаат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Грозданов.

Една минута контра реплика за госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Почитуван колега Грозданов не знам зошто поаѓате секогаш од себе си. Ако вие имате неколку стана не значи дека сите имаат 5, 10 или 15 станови, вили и чамци и глисери во Охрид. Напротив, немојте и ако сте загрижени за тоа што ќе го плаќате, тоа е ваш проблем, меѓутоа, овде се работи за граѓаните, а тој што има два, три или пет стана апсолутно не е проблем дали ќе плати уште 100 денари повеќе.

Што се однесува до дезинформацијата, околу тоа можам да ви кажам од 2002 до 2006 година никој, ама баш никој, тоа се докажува, од моето семејство немал потпис, немал потписник на сметка. Грешна ви е информацијата, сакавте да ме злоупотребите и токму поради тоа Роза Топузова Каревска може отворено, без страв да зборува овде тоа што е вистина. Не се плашам, немам ниту јас ниту моето семејство било каква злоупотреба ниту потпис на сметка. Апсолутно чесно и одговорно се однесувам.

**Бесим Догани:** Процедурално бара господинот Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Процедурално сметав дека требаше да ја прекинете пратеничката, но штом ми дозволивте,

ќе дадам една процедурална забелешка и ќе кажам: има надлежни служби за испитување на потеклото на имотот и стојам на располагање да се испита и мојот имот и имотот на госпоѓата Топузова, па да видиме кој има станови во ФИКОМ, кој нема станови во ФИКОМ. Стојам на располагање пред македонската јавност. Стојам на располагање пред службите, го имам поднесено мојот анкетен лист и таму пишува на што Цветко Грозданов е сопственик. Стојам зад тоа и материјално и кривично да одговарам.

**Бесим Догани:** Господине Грозаднов тоа е сосема во ред, но сепак тоа не се однесува на денешната процедура.

Процедурално Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, вие ја прекршивте процедурата. Јас апсолутно имав контра реплика на репликата од почитуваниот Грозданов и не знам што вие му давате повторно процедурално , каква беше процедурата во овој момент.

Точно, имаме анкетни листови и тоа може многу лесно да се докаже кој што има, меѓутоа, не е чесно на овој начин да се изнесуваат невистини. Апсолутно сето она што го кажа Грозаданов се однесуваше на лаги и инсинуации. Ве молам во иднина да не дозволувате како во неговата реплика така и во процедуралното. Вие сте тука да водите сметка за дебатата да се одвива онака како што е пропишано во Деловникот. Се противно на тоа...

**Бесим Догани:** Се е по Деловникот, господинот Грозданов има право да го изнесе своето мислење, неговите ...

**Роза Топузова Каревска:** Да, во неговите минути кои се определени за реплика. Јас го почитував тоа и не ви реков зошто не го прекинавте, но вие навистина отидовте предалеку. Мислам дека вака не може Грозданов да ги оквалификува своите колеги пратеници без аргументи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам, јас ви кажав дека господинот Грозданов може да го каже своето мислење иако можеби греши во тоа, вие имате право да подигнете процедура ако тој изнел лаги и невистини против вас, но тоа е се.

Господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги кои се присутни во салата, заменик министер, ова е веќе ...

(Пратениците Роза Топузова Каревска и Цветко Грозданов си префрлаат еден на друг од место).

**Бесим Догани:** Продолжете господине Марјанчо.

**Марјанчо Николов:** Во текот на денешниот ден ова е трет закон со кој Владата на ВМРО-ДПМНЕ ги зголемува давачките за граѓаните во Република Македонија.

(Галама во салата).

**Бесим Догани:** Ве молам колеги допуштете му на господинот Николов да продолжи, повелете.

**Марјанчо Николов:** Да, господине потпретседтел, вие треба да го отстраните колегата ако навистина не може седницата да продолжи. Мислам дека не е добро со аргументи кога се дискутира да ми упаѓаат во збор.

Значи, ова е трет закон денеска со кој Владата на ВМРО-ДПМНЕ ги зголемува давачките...

(Галама во салата).

**Бесим Догани:** Ве молам колеги малку потивко ако може. Ве молам. Дали ќе му допуштите на господинот Николов да продолжи? Повелете.

**Марјанчо Николов:** Жал ми е што неколку пати ме прекинуваат, а камерите не можат да регистрираат што се случува во салата, бидејќи навистина ќе биде интересно да видат како се однесуваат колеги, но би сакал да продолжам со својата дискусија.

Господине потпретседателе, навистина би ве замолил...

**Бесим Догани:** Господине Марјанчо и јас би ве замолил да продолжите. Јас ве слушам, заменик министерот ве слуша, мислам дека имате доволно услови да продолжите. Повелете.

**Марјанчо Николов:** Колегите од позицијата не сакаат да слушаат како ние дискутираме, не сакаат да слушаат како за граѓаните на Република Македонија носат закони со кои ги прават уште посиромашни, не сакаат да слушаат кога им велиме дека ги лажеа граѓаните дека после 5 јули ќе им понудат економски просперитет, подобрување на стандардот, зголемување на примањата, туку напротив почнаа да им нудат нови давачки, нови даноци, нови такси, едноставно да им го отежнуваат животот спротивно на она што го зборуваа за време на предизборната кампања, а и она што го зборуваа по формирањето на Собранието и формирањето на Владата.

Значи, имаме уште еден закон со кој се воведува или се зголемуваат давачките за граѓаните на Република Македонија.

Комуналната такса е наменска давачка со која е планирано да се финансира јавното осветлување во општините во Република Македонија. Она што зачудува во целата постапка е леснотијата со која Министерството ни го предлага овој закон само од четири члена во кои ја воведува давачката. Немаме никаква анализа за тоа дали вистински има потреба од воведување на ваква нова давачка. Немаме анализа по општини колку општините прибираат по овој основ и колку трошат по овој основ од комуналната такса и дали согласно извештаите на контролата на нивното финансиско работење навистина средствата ги трошеле наменски или вршеле други плаќања од овие средства за кои немаат право да вршат. Сега Владата несакајќи да се откаже од своите примања, комодитет, да има повеќе пари да троши за кампањи, да има повеќе пари да троши за плаќање на имотите на

министрите, да има повеќе пари да гради театри, фискултурни сали, да прави промоција и да ги опремува кабинетите, решија проблемот да го решаваат со зголемување на давачките на граѓаните.

Ако ова е политика за која гласале граѓаните на Република Македонија, мислам дека навистина се во заблуда колегите од владеачкото мнозинство и брзо ќе се покаже дека ваквата нивна политика не само што нема да биде прифатена од граѓаните, туку напротив, кога ќе почнат да плаќаат повисоки такси, кога ќе им пристигаат повисоки сметки за електрична енергија, нивната реакција ќе биде навистина голема.

Исто така зачудува односот на Владата  и на владеачкото мнозинство што не сака проблемите да ги решава на поинаков начин. Неколку пати дискутиравме дека навистина има потреба од зајакнување на финансиските капацитети на општините, но не на ваков начин. Не со воведување на данок на имот, не со зголемување на таксите, туку напротив со одделување на средства од ДДВ како извор кој е најсигурен и овозможува поголем број или сите општини во Република Македонија да добиваат одредени средства.

На овој начин се врши двојно оптоварување на граѓаните со давачки. Знаеме дека кога Владата го промовираше Проектот за рамен данок и го намали персоналниот данок на доход, товарот го префрли на ДДВ кој го плаќаат еднакво сите граѓани без оглед на тоа колку заработуваат. Сега и покрај тоа што сите еднакво плаќаат даноци на ДДВ без оглед на тоа колку заработуваат, сега им воведува и нови давачки, значи оние кои биле сиромашни ќе бидат уште посиромашни и потешко ќе живеат, а оние кои заработувале повеќе претходно добиле олеснување и на некој начин Владата врши неправилна распределба на богатството на државата меѓу граѓаните.

Но, одговорноста за ваквите проекти, за ваквите закони што ги носи владеачкото мнозинство и со овој закон во никој случај нема да се реши проблемот со јавното осветлување во општините, не е вистина дека овој закон е пречка за тоа што во Скопје се случува да има закани од ЕВН дека ќе го исклучи јавното осветлување, бидејќи Скопје е сконцентриран град, најголем дел од граѓаните или 1/3 живеат во Скопје и сега би го запрашал заменикот министер дали знае колку по основ на комунална такса се собира во Градот Скопје би требало да се собира, а колку изнесува потрошувачката на електрична енергија што треба Градот да ја плаќа. Дали е вистина дека се собираат 30% и повеќе средства без воведувањето на новата давачка.

Значи, непотребно се врши оптоварување на граѓаните и оправдувањето се бара во проблемот кој настана во Скопје, а овој закон е поднесен пред да настане тој проблем и не држи ниту по една основа таквото објаснување. Такви анализи треба да се направат за сите општини да се види точно каде е проблемот.

Тврдам дека со ваквите закони нема да се најде решение за овој горлив проблем, согласно намерите на Владата проблемите да ги решава само со наметнување нови давачки на граѓаните, апелирам барем до членовите на Парламентот, без разлика на нивната политичка припадност, малку посериозно да ги сфатат овие прашања и да го одбијат овој закон. Во најмала рака да побараме конкретна анализа каква е состојбата по општини по однос на комуналната такса и ќе видиме дека не е ова решение на проблемот, туку ова е само ставање пепел на проблемот, а проблемот ќе си постои понатаму додека не се најдат механизми и за наменско трошење на овие средства, како и за контрола на нивното трошење, бидејќи во многу општини веројатно ќе има злоупотреба сега по основ и на поголем прилив по оваа основа. Но, Владата како што кажав, не сака да се откажува од своите комодитети, владеачкото мнозинство смета дека граѓаните ќе го прифатат покачувањето на таксата и ќе го донесат законот. Одговорноста е нивна и ќе дојде време кога ќе се соочат и со реакциите на граѓаните. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

Немав намера сериозно да дискутирам за овој закон, но бев испровоцирана од дискусиите на неколку пратеници во Собранието. Точно така, таксите секогаш претставувале оптоварување за народот, но точно е и тоа дека државата не може да постои, не може да живее доколку народот не плаќа даноци и такси. За да не ги оптоваруваме нашите граѓани и со дополнителни такси требаше функционерите, пратениците на СДСМ во времето на нивното владеење малку повеќе да градат, а малку помалку да рушат. Значи, беа спомнати стечајците и драго ми е што денес беа спомнати тие, затоа што тие, се производ на владеењето на СДСМ. После тоа кога станува збор за такси кога ги воведе Владата на СДСМ, обично станува збор за трнсакции и изнесување на државните пари надвор од земјава, а сега кога зборуваме ние за такси, зборуваме за нешто што ќе го подобри квалитетот на животот на граѓаните. Конечно и кога зборуваме за градба на некакви споменици, како што ги нарекуваат одредени колеги, музеи и театри, само сакам да потсетам дека таквите нешта во сите земји ги гради народот, не ги градат донатори од некои марсовски или месечински некакви си влади, не постоечки. Да, има донации, и тоа го прават одредени земји и за други земји и тоа е во чест и почит на некакви големи достигнувања. Сме имале и ние такви, еве ќе го спомнам, да речеме училиштето Песталоци. За да остави нешто за идните поколенија некои граѓани на оваа земја треба нешто и да изградат, но тоа не е од такви

како што се уличните осветлување. Таксите за уличните осветлувања ќе си одат за улично осветлување, ќе си одат во локалната самоуправа, која навистина треба да си ги добие своите ингеренции и да се спроведе онака како што треба да се спроведе. Оние што се многу загрижени за животот на граѓаните, на пример, очекувам само за една недела да понудат нешто подобро за развој на руралните средини или во одделната самоуправа, на пример, да побараат зголемување на буџетот за биро за недоволно развиени подрачја. Мислам дека на тој начин навистина и со конкретни примери, како што имаше во изминатиот период, на пример, за Рамина или нешто слично, повторно да се гижат за населението односно за подобрување на квалитетот на животот на населението.

Зошто пратениците пак не сакаат да слушаат и зошто јавноста не сака да слуша за лагите на оваа Влада е навистина филозофска тема, за дискусија, се разбира, зборувам во наводници за лагите. Нема поголема лага од онаа што се случи на 15 септември, довербата е изгубена и се додека нашите пријатели кои седат на десната страна не сфатат дека во овој момент на народот му е единствено од интерес да се покаже малку конструктивност во подобрување на квалитетот и стандардот на граѓаните на оваа земја, ниту луѓето, ниту пратениците, ќе слушаат, иако се разбира има одредени, со сериозност тоа го прават и со задоволство го прават, за да може после тоа еве и вака да продискутираат по повод овој закон, во кој навистина реално има зголемување на таксите. Значи, одговорноста на пратениците е сериозна при работата во Собранието, јас разбирам дека секој со правото на своето лично мислење, има право да го одбрани или да го покуди предложениот закон. Но, при тоа не сметам дека треба тоа да се злоупотребува. Значи, сопственото мислење во дневно политички да се злоупотребува. Јас од причините кои што ги наведов и за кои што дискутирав, ќе го поддржам овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Јаневска.

Има збор господинот Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Сега, имав прилика да слушнам од нашата колешка Весна Јаневска една дискусија во која верувам дека ценетата пратеничка само со една временска дистанца во која ќе исчезне нејзината омраза кој СДСМ од неколку минути, ако си ја преслуша, ќе сфати што всушност таа зборува. Меѓутоа, одговорноста за кажаниот збор е голема, особено ако се кажува во институција на државата, па само да не се доведеме во позиција да мислиме дека ако СДСМ често премолчува и понекогаш мисли дека е дегутантно да одговори на некое од прашањата, дека тоа значи дека некој пратеник може континуирано од седница во седница постојано да шири демагогија. И невистини, мислејќи дека со тоа е целосната вистина на светот, само заради тоа што некој нешто не кажал во одбрана. На пример, сега имавме прилика да слушнеме како госпоѓата Весна Јаневска одобрува нови 11 милиони денари воведени даноци, почнувајќи со донесувањето на овој закон во Република Македонија годишно. Јас ја разбирам госпоѓата Весна Јаневска дека го пдодржува тоа, меѓутоа таа треба да разбере дека граѓаните тоа не го поддржуваат па нема да го поддржи ниту СДСМ. Колку сакате овде да правите вратоломии циркуски акробации за да ги убедите граѓаните во името ВМРО ДПМНЕ или ВМРО Народна сеедно дека е ова оправдано, тоа не е оправдано госпоѓа Јаневска не можете да не убедите вие со неколку реминистенти на минатото, за кои ќе кажам некој збор на ист начин на кои вие ги кажавте дека е добро да се воведат нови даноци. Еве, јас ве прашувам зошто воведовте 11 милиони евра нови даноци зза граѓание. Поделетеги на два милиони ќе сфатите колку годишно секој македонец ќе плати данок, 5,5 евра секој македонец само со овој закон годишно ќе плати плус. Четворо члено семејство 22 евра, тоа е овој закон. Вие можете сега до утре да објаснувате на граѓаните, да наоѓате причини дека треба да се воведат даноците на начин на кој ги воведувате, меѓутоа тоа не држи.

Ги спомнавте стечајните работници. Ајде госпоѓо Јаневска да ве прашам јас јавно, во која година отиде во стечај Македонка од која сега седат напред стечајните работници. Дали тоа беше во време на Владата на Љубчо Георгиевски од ВМРО Народна или министерот за финансии Никола Груевски од ВМРО ДПМНЕ или двете партии кои сега вие ги претставувате бранејќи го ова заедно. Вие мислие дека ако ние премолчуваме, не знаеме во чиј мандат отидоа во стечај овие луѓе надвор грото. Мислите дека ако го повторите тоа 10 пати и никој не ви реагира дека е тоа така. Вие го поддржувавте Љубчо Георгиевски, сега го поддржувате Никола Груевски. Нивната именка е 1998 - 2002, заеднички содржател. Сите фирми што седат напред со овие работници грото се во тој период стечајни работници. Знаете зошто? Затоа што другите стечајни работници беа обезбедени со закон кои вашата Влада го укина 1999 година. Сите што беа до 1999 година во стечај, а над 25 години стаж како што сега бараат си заминаа во Заводот односно во пензија. Така што, бидете уверени дека ако ви премолчуваме со постојана невистина, не значи дека сте во право. Сите овие се од 1999 година наваму, затоа што тогаш е укинат законот од Владата на Љубчо Георгиевски и од тогаш нема 25 години стаж услов за пензионирање наваму. На кого вие му кажувате дека тие работници се од тоа време. Тие од тоа време се сите на пензија во моментов. Дали било оправдано, дали е економски издржливо, дали долгорочно било издржливо фискално е едно прашање, меѓутоа, ве молам, немојте да не сметате дека ништо не разбираме и дека постојано можете само да кажувате, да кажувате и да кажувате. Има луѓе кои тука малку повеќе ги

следат работите и имаат некои елементарни информацции за тоа зошто седат надвор луѓето. Ако сакате да бидете толку искрени, следејќи ги кампањите, не знам што ВМРО ДПМНЕ ветил, пошто сега од нивна страна гледам дека ветувале различни работи. Во една изборна единица кажувале дека ќе го решиме проблемот, како во мојата 3, и нивните лидери на изборните листи, носители на тие листи, Груевски вели дека не кажува. Не знам кој што кажувал, меѓутоа ако кажете на едно место во Македонија, тоа важи за сите, Македонија нема 6 закони за секоја единица посебно. Во Македонија има еден закон. Ако во некоја изборна единица им ветите дека ќе го решите проблемот, тоа важи за целото ВМРО ДПМНЕ, не важи само за некои изборни единици.

Второ, вашата партија исто така вети и сега гледаме дека со прст не мрда за да го реши проблемот. Господине Трајко Вељаноски зошто не реагиравте вака како што сега реагирате кога Весна Јаневска зборуваше за СДСМ и за стечајните работници, ве прашувам. Ве молам, да не довикувате да си ја гледате работата, затоа што има потпретседател, а и тој можеше да реагира, па кога еднаш нема да реагира, после тоа се повторува. НСДП им вети директно со писмо, вие им ветивте директно во кампања и во програма.

**Бесим Догани:** Господине Поповски, ве молам, сконцентрирајте се на законот.

**Никола Поповски:** Јас зборувам за темата за која Весна Јаневска зборуваше.

**Бесим Догани:** Вие не баравте реплика кон Весна Јаневска, јас ве прашав, а вие баравте збор.

**Никола Поповски:** Да, јас барав збор, и имам право на тоа. Госпоѓата Весна Јаневска 10 минути зборуваше за СДСМ, вие со око не трепнавте и продолживте да работите.

**Бесим Догани:** Госпоѓа Јаневска зборуваше се на се 3 минути.

**Никола Поповски:** Знаете како се вика, Србите викаат појео овчицу или гложѓа о кошќицу тоа е исто, Весна Јаневска ја глодаше коскатa. Значи, вие дозволивте таа да зборува на друга тема 7 минути, сега мене не ми дозволувате 10 минути. Извинете, ама мојот Деловник не е напишан од вас и од Весна Јаневска. Јас имам право да зборувам еден час.

**Бесим Догани:** Вие немате право да зборувате надвор од Законот.

**Никола Поповски:** Не, јас зборувам за законот, затоа што ние зборувавме, еден мој колега зборуваше дека нема пари за стечајците и на тоа добивме одговор. Сега, немојте господине Догани да имате анимузитет кон моите дискусии кога не ви одговара да ми одземате збор, затоа што и мислам дека имате таква тенденција во вас. Вие морате да имате Деловник за сите ист. Не може да ви е Весна Јаневска подрага од Никола Поповски, а таква тенденција во овој Парламент веќе имате.

(Реакција од пратениците)

Во врска со тоа што се случува има и некое ддруго паметење, освен тоа што се изнесува на говорницата од овој Парламент. И, сега, јас нема да влегувам во понатамошни дебати со Весна Јаневска или со овие четири или пет пријавени репликанти на мојата дискусија. За што, јас никогаш не влегувам постојано, меѓутоа не сакам некој да мисли дека ако 10 пати ми повтори едно исто, јас тоа да го мислам дека е така.

Уште нешто што беше спомнато во оваа дискусија. Госпоѓа Весна Јаневска во дискусијата спомна дека сегашната Влада на ВМРО ДПМНЕ воведува даноци кои ќе се трошат во Република Македонија, за разлика од СДСМ кој воведувал даноци чии пари ги носел надвор. Тоа, госпоѓо Весна Јаневска, сигурно мислите за парите што од даноците се собраа па преку банките на Смиленски, Груевски, Трпевски, ги однесоа надвор во времето на партиите кои вие ги сакате, нели? Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика од три минути има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам потпретседателе.

Господине Никола Поповски, јас воопшто не ве мразам. Напротив, многу ве сакам, затоа што со вас еве можам да развијам бурна дискусија и да промениме различни мислења. Инаку, единствен што го поддржувам овде во ова Собрание и надвор од тоа се македонскиот народ и македонската држава.

Во однос на стечајците јас поднесов закон за стечајци, некој од вас го гласаа, некои не го гласаа, таа приказна ја покажав и ја докажав на дело и за мене е докажана. А, за бројки кога повеќе стечајци имало, навистина има каде да видиме и мислам дека не е тема на дискусијава. Навистина, денес мислам малку целно ја промашивте темата, но во ред, тоа е ваш избор.

Што се однесува за тоа кој и каде изнесувал и што изнесувал поим немам, само читам весници, слушам телевизија, а и вашите дискусии во Собраниево, значи дискусиите на моите колеги, па од вас разбирам кој каде, и колку изнел и каде ставил. Што се однесува до мене мене ми е сосема чиста совеста и повторно ви кажувам би било многу добро и од моја страна што се трудам веќе три години да го направам и од ваша страна да ја смириме малку топката меѓу луѓето на СДСМ и ДПМНЕ. Ако ви причинува задоволство, бидејќи безброј пати го спомнавте моето име, уште еднаш ви кажувам не ми паѓа на памет да ве мразам, вие сте граѓанин на оваа земја и македонец исто како и јас и се надевам дека од нашите бурни дискусии ќе излезе нешто добро за овој народ. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Јаневска.

За збор се јави господинот Николов Марјанчо, поелете.

**Марјанчо Николов:** Бидејќи, многу колеги, немајќи аргументи од владеачкото мнозинство да го одбранат законот, почнаа да зборуваат за

работи кои што биле и за кои што на изборите граѓаните го кажале своето мислење, некого казниле, други наградиле. Би требало кога дискутираат од владеачкото мнозинство да го бранат овој концепт ако имаат аргументи, но очигледно во недостиг на такви аргументи тие се определуваат да кажуваат прикаски што правел и како правел некој во минатото. И, тоа е добро, бидејќи служи да не потсети, но исто така кога дискутираат за минатото, треба да имаат доблест да си ги признаат и своите грешки, својата неконзистентност, непринципиелност, што доведувало до некои заблуди во Република Македонија и граѓаните можеби не секогаш правилно можеле да просудат како треба да ја дадат својата доверба. Значи, со овој закон колку тие да се трудат да го напаѓаат СДСМ, колку и да се повикуваат на минатото, факт е дека со последните три закони кои што ги носиме во Собрание се зголемуваат давачките и за стопанството и за граѓаните на Република Македонија. Тоа е спротивно од она што Владата водеше цела кампања дека ги намалува давачките и дека создава подобра клима и за бизнис и за подобар стандард на граѓаните. Тоа тие не можат да го избришат. Од 2008 година нека им биде јасно на сите дека кога ќе ги добијат решенијата за данок на имот, а кога ќе дојде и новата сметка за струја дупло зголемена за комуналната такса, тие тогаш нека им објаснат како било претходно. Претходно беше помалку, а сега се воведува двојно зголемување на давачката на граѓаните. Ако го бранат концептот Министерството за финансии, Владата како предлагач не ни доставува никаква анализа, не оставаат овде на бришен простор меѓу себе да се препукуваме не нудејќи никакви аргументи. Владеачкото мнозинство тоа го прифаќа, ја носи одговорноста за предлогот на Владата. Ние бараме податоци, зошто не ни се даваат. Зошто не кажаа дека во Скопје колку се собира таксата, а колку се троши. Зошто немаме анализа по другите општини. Дали има потреба да воведуваме давачки за сите даноци што ги воведуваме сега ги зголемуваме и ги воведуваме нови, требаше таква анализа. Тоа не се прави без анализа.

Не убедуваа и за персоналниот данок на доход и данокот на добивка дека се намалува . Буџетот покажува, а и реакциите на стопанствениците дека повеќе плаќаат отколку претходно. Како сега тоа ќе го правдаат. Но сега тоа не е тема на разговор. Тоа многу потсеќа на 1998-2002 година. И тогаш некој се фалеше дека Буџетот е многу полн, дека се воведуваат нови давачки. Ќе се сетиме само на даноците што тогашниот министер за финансии ги воведуваше или правдаше со други дека само на една финансиска трансакција ќе се плаќа таканаречен воен данок. Се сеќаваме како тогаш ни објаснуваше премиерот дека Буџетот имал 6 милијарди денари вишок на пари. Не е целта Буџетот да има вишок на пари. Целта е да биде избалансиран, да биде прилагоден на потребите на граѓаните, да се трошат средствата за реални проекти. Ние не велиме дека можеби нема потреба од театри и споменици, но кој е приоритетот во Република Македонија, дајте да прошетаме малку и да видиме. Има училишта кои прокиснуваат, децата 30 години не виделе нов аклупа или ново столче, истите се уште од нивните родители. Сега дали е тоа приоритет, или е приоритет да трошиме за спортски сали, а постојните пропаѓаат, да трошиме за промоција на Владата, или да отвараме интернет кафиња за пензионери. Тоа ли е приоритетот. Но, пак ќе кажам, одговорноста е нивна. Тоа не можат да го одбранат дека се воведува зголемување на комуналната такса, колку и да се трудат. Но, за жал, аргументите што ги користат, напаѓајки го СДСМ, им се погрешни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Интересна стана квази дебатата, бидејки,како што милува да каже потпаролот на Владата, во своите хистерични настапи, Владата имала визија но никако да ги решава проблемите. Овде имаме ситуација кога ниту претставникот на Владат аод НСДП, ниту ВМРО-ДПМНЕ не одговараат, или не се вклучуваат за прашањата кои беа легитимно поставени од сите пратеници, а тоа е како и врз база на која математика, статистика и пресметка се дадени овие нови зафаќања во домаќинствата и во трговските друштвата и занаетчии и објектите од јавното осветлување, туку се избира поранешен член на ВМРО-Народна да се вклучи во дебата со апсолутно дефокусирање, со напад без аргументи кон СДСМ, наводно заради тоа што се грижи за граѓаните во Република Македонија. Соовој закон граѓаните во Република Македонија ќе треба да плаќаат 11 милиони евра годишно повеќе заради неспособноста на ВМРО-ДПМНЕ да ја менаџира енергетската криза во Република Македонија. Ако е тоа грижа за граѓаните во Република Македонија, тогаш се плаќам дека ќе почнат сите партии да се натпреваруваат во грижата кон граѓаните, па секој претставник од владиното мнозинство да воведува некои нови давачки кон граѓаните за да може повеќе да се грижат за нив. Само со овој закон, да не зборувам и со претходниот, 11 милиони евра повеќе граѓаните и стопанските субјекти ќе даваат, ќе исплаќаат повеќе, дали од семејниот буџет, дали од компанијата. Тоа не е грижа за граѓаните во Република Македонија, не е ни грижа квази подршката на Владата од страна на бившите членови на ВМРО-Народна кога повеќе треба да реагираат за надминување на уставната можност за употреба на албанскиот јазик овде во Собранието. Не се прави грижата за граѓаните со обвинувањата кон СДСМ. ВМРО-ДПМНЕ на 5 јули ги доби изборите за економска преродба, за економски ефекти, никаде во преродбата не вети нови зафаќања од сите граѓани на Република Македонија. СДСМ не е виновен што Владата ги изневерува очекувањата и надежите и

ветувањата што ги дале на 5 јули па воведува, само денес, серија на три нови давачки, а тоа го направи и со други закони, вкупно 7 мислам дека се. Алиби одбраната не може да биде со инсинуации и остар напад кон СДСМ, па со тоа ќе се бајпасираат работите. Заменик министерот молчи цел ден овде и никако не можеме да ги добиеме бројките зошто новото зафаќање е 04 киловати од домаќинствата, а не некое друго и зошто е 10 киловати, по 100 киловати и т.н., туку треба да избереме некој пратеник и тоа по можност некој што не е од ВМРО-ДПМНЕ и НСДП кој ќе фрли остри стрели кон СДСМ и да мислиме дека со тоа се релативизира работата. Не, сите пратеници од парламентарното мнозинство ќе треба да одговорат на прашањата на граѓаните, граѓаните ќе кажат ние гласавме за вас, зошто сега треба да плаќаме 11 милиони евра повеќе само за комунални такси. Зошто некој што почнал со вино производство треба сега да плаќа 1500 денари плус затоа што некој мисли дека така полесно ќе го полни Буџетот или полесно ќе собира средства. Така се грижи за граѓаните на Република Македонија, со решавање на пробелмите и со аргументирана дебата, а не само со обвинувања на СДСМ. Тоа може да врши работа во еуфоријата после изборите. Помина година дена, резултати се бараат.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Три минути реплика за госпоѓа Весна јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Господине Макрадули очигледно не сте ме разбрале. Јас воопштоне го напаѓав СДСМ. Јас само правев компарација на некакви елементи кои беа понудени во оваа расправа. Инаку мојот став го кажав. Ниту зборувам за тоа штоправеле, како правеле, каков став имаат и т.н.

Буџетот на државата, стандардот на граѓанит еи квалитетот на животот самите ние си го правиме со добро менаџирање на добри влади. Со лошо менаџирање на лоши влади нема стандард, има сиромаштија, има невработеност, има стечајни работници и т.н.

Инаку, не знам по кој принцип вие си ги избирате вашите пратеници да дискутираат на одредени теми, за или против. Мене овде ме избрал народот. Јас овде кажувам свој личен став и вие тоа многу добро го знаете и бидјеки самиот не сте убеден дека некој ме изманипулирал да зборува во туѓа корист, никој и не ви верува во тоа што го зборувате. Тоа е пробелмот што во моментот дле од вас го имаат. Малку повеќе кооперативност и малку повеќе искренсот ќе биде добро за сите нас.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоќо Јаневска.

Една минута контра реплика за господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Се надевам дека колешката Весна Јаневска кога ќе ги прочита стенографските белешки од своето излагање, ќе се извини, откако прочита што се кажала во претходниот говор и за што се не го обвини СДСМ. Но, во една “не здрава” атмосфера каде што единствено пратениците на СДСМ овде во слаата ги читаат законите и за тоа дебатираат, аргумент против воведување на нови 11 милиони евра данок во Република Македонија, не може да биде дека СДСМ во минатото нешто правел или не. Вие треба да им објасните на тие што ве избрале сосема легитимно, зошто гласате или поодржувате влада која што, како еден од денешните закони што ги донесе, ќе воведе 11 милиони евра нови давачки за граѓаните во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Розаа Топузова Каровска.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван подпретседателе.

Очигледно дека погрешно се сваќа улогата на пратениците и јас овде сакам уште еднаш да напоменам, нашата улога, пред се, покрај друго што имаме е да ги следиме законите кои стигнуваат во Собранието, да ги проучуваме, преку амандмани да нудиме решенија за нивно подобрување, или пак ако е можно уште кога се вопрвата фаза, предлог за донесување на закон, преку аргументирани дискусии да кажеме зошто не е добро да се донесе билокаков закон, туку треба да се донесе закон кој нависитна ќе биде во функција за подобрување на животот на граѓаните.

Овој закон што во овој момент, според она што го кажуваат пратениците од опозицијата, е штетен за граѓаните на Република Македонија и ние тоа гокажуваме со аргументи. До колку пратениците од парламентарното мнозинство имаат контра аргументи на ова, нека повелат нека ги кажат и ние ќе ги спротивставиме аргументите. Во недостаток на аргументи или можеби во никаква неподготвеност за да се дебатира по одреден закон, тогаш се прибегнува кон лични дискредитации со што сака да се избегне од суштината на она што е дебата на денешната седница.

Почитувани колеги пратеници аргументот е овој закон што го имаме пред нас. Во овој закон погледнете го членот 3 и ќе ви биде јасно дека за користење и одржување на јавно осветлување ќе се плаќа комунална такса според типот на потрошувачката и тоа 25 квтч. ќе плаќаат домаќинствата секој месец повеќе. Некој пресметал колкаво е тоа оптоварување за семејствата. Вкупните давачки кои само денес беа наметнати преку законите што денес ги донесовме, Законот за даноци на имот, Законот за административните такси, веќе дојдоа до некои 240 евра на годишно ниво за едно четиричлено семејство. Сега треба да дебатираме околу тоа дали овие 25 квтч. се баш неопходни и дали тие и во која мера пак би придонеле да се подобри квалитетот на животот на граѓаните. Со ништо нема да се подобри.

Јас сега се прашувам зошто беше потребно се она што се случуваше, што им се случуваше на

граѓаните на Скопје овие денови што почна со тоа министерот да не сака да го подмири долгот кон градот и препукувањата на релација градоначалник на Скопје и министер за финансии, за сега да им стане јасно на граѓаните дека зад тоа стоела скриената намера на Владата да ги покачи комуналните такси за 100%. Мислам дека граѓаните не заслужуваат неколку вечери по ред Скопје да биде во мрак само заради тоа што треба да бидат подготвени за да се донесе во Собранието овој закон. Тоа не е добро како за граѓаните на Скопје, не е добро ни за Република Македонија. Навистина не знам зошто е толкавата сензибилност кога ќе се спомне Владата. Навистина ние мораме да ги спомнеме тука и министерот за финансии и било кои други министри од Владата и целокупната Влада затоа што, почитувани колеги пратеници Владата е таа која ни ги доставува законите, барем за овие за кои денес дебатираме. Не дебатираме по закони кои ги доставиле пратениците. Сосема е нормално и логично да дебатираме со аргументи, за она што се наоѓа пред нас, а аргументите се тие. Мислам дека нема ништопојако од аргументот. Се друго кое ќе се каже претставува само инсинуација. Аргументот е следен, 25 квтч. по домаќинство, или 50 квтч. за објекти на трговски друштва и занаетчии. Има трговски друштва што навистина имаат поголем приход, но има и трговски друштва и занаетчии, поготово занаетчии кои и онака не се заштитени со Законот, особено говорам за оние што се занимаваат со старите занаети, што и овие 50 квтч. месечно навистина им претставуваат оптоварување на буџетот, или да не одиме понатаму зголемување се до 300 квтч. месечно. Значи сакале вие или не, вие можете што сакате да говорите кој во минатото за што бил виновен, дали тоа се случувало во времето на оваа или онаа Влада, иликако што милувате да кажат некои од пратениците, во ваше и во наше време. Не знам каде тука се наоѓаат граѓаните кои се политички неопределени, кое е нивното време. Но, треба да говориме за овој закон што го имаме, кои се аргументите дека со овој закон ќе се подобри животот на граѓаните. Навистина овде не се нуди еден оваков закон со зафаќање од милиони евра на годишно ниво, притоа да се образложи само половина страница. Навистина колку и да сеакаме разбереме, не можеме да разбереме зошто во овој момент беше потребно едно вакво комунално оптоварување на граѓаните, до толку повеќе што кажав дека пред малку донесовме уште два такви закони. И ако кон ова се додадат уште четирите претходно што ги донесовме значи веќе во последно време имаме донесено 7 нови закони со кои се воведуваат нови давачки на граѓаните на Република Македонија. Тоа се нашите аргументи и нашите дебати, дебатите на опозицијата мора да бидат во таа насока, со аргументи да ги штитеме граѓаните кои не избрале, а секако дека Владата ја има одговорноста за водење на државата, не ја има одговорноста за водење на државата, опозицијата. Опозивијата е таа што треба овде да укажува на она што не е добро во било кој закон за граѓаните на Република Македонија. Мислам дека оваа дебата треба да ја завршиме со тоа што и пратениците од парламентарното мнозинство ќе гласаат дека нема потреба од донесување на еден ваков закон, или јас знам дека има и член кој е потребен да се донесе, меѓутоа она што е потребно и претставува интерес за граѓаните, да се донесе, но конкретно овој член каде што се воведуваат нови давачки, да биде премостен и да се остават граѓаните да си плаќаат толку колку што плаќаа до сега. Не е добро Скопје да го држиме вомрак во континуитет неколку денови за на крај да им кажеме, еве сега ќе имате светло од кога ќе плаќате двојно повеќе.

Почитувани коелги пратеници од парламентарното мнозинство, сметам дека овие аргументи што цело време ги изнесуваме, ако ги исклучиме во овој случај и личните дискредитации што ги имавем и притисоци врз пратениците од опозицијата, се доволни да ве разубедат дека немаме потреба од членот каде што се зголемуваат давачките на комуналните такси од 100%. Се андевам дека ќе наидете на разбирање и до колку во овој момент и гласате за потребата од законот, затоа што реков дека има и член кој е потребен, очекувам при дебатата по амандманите да дадете поддршка на амандманот од опозицијата и оваа штетна давачка за сите граѓаните на Република Македонија што, како што кажав живеат на работ на егзистенцијата, јас најотворено кажав, не реков дека само од овој момент тоа се случува или од овие изминати 5 месеци. Јас кажав дека сеуште тешко се живее во Република Македонија. За тоа сигурно дека одговорноста ја имаат сите оние кои претходно ја воделе Република Македонија, некој повеќе некој помалку, тука вклучувајки ги и ВМРО-ДПМНЕ, бидејки сакаат да се амнестираат,меѓутоа не смеете да заборавите почитувани колеги дека од целокупниот изминат период веќе вие сте 7 години на власт. Тука ја вклучувам експертската Влада која беше предводена од господинот Кљусев, четирите години, од 1998 до 2002 година и еве сега една година. Значи секој нека си преземе во целост својата одговорност. Мислам дека воведувањето на нови даноци не и и е потребно на Република Македонија, а за тоа ќе дебатираме и при ребалансот на Буџетот.

Уште еднаш ве повикувам аконе за целиот закон, тогаш барем прифатете го амандманот кој е поднесен од опозицијата, со една единствена цел да не се воведат нови комунални такси за уличното осветлување, со што секое семејство ќе биде оптоварено годишно двојно повеќе отколку она што до сега го плаќаше. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за комуналните такси.

Пред да ве повикам да гласаме, ги повикувам пратениците коис е надвор од салата да влезат.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи во моментот нема доволен број на пратеници во салата, тука ја прекинувам денешната седница. Истовремено ве информирам дек аутре поради комисиско работење на Собранието, со пленарната седница ќе започнеме во 14,00 часот односно ќе работиме од 14,00 до 18,00 часот по денешната 45-та седница. По завршување на 45-та седница продолжуваме со 53-та седница.

(Седницата прекина со работа во 17,51 часот)